МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ “ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН” - Свети Николе
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

Втор циклус на студии

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

"Споредба на мерки притвор во Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово"

Кандидат:

Лиридона Душкаја

Број на досие: М227005

Ментор:

Проф. д-р Васко Стамевски

Свети Николе, Мај , 2024 година

СОДРЖИНА

Абстракт.....3
Вовед 5
I. ГЛАВА Општи детерминанти на мерката притвор.....9
1.1. Поим и значење на мерки притвор.....9
1.2. Правни и социолошки аспекти на мерката притвор.....11
1.3. Мерката притвор – дел на алтернативните мерки.....15
1.4. Предизвици 19

II. ГЛАВА Мерката притвор во Република Северна Македонија.....22
2.1. Мерката притвор во Македонскиот правосуден систем….....22
2.2. Националните и европските аспекти на мерката притвор.....25
2.3. Владеење на правото и почитување на човековите права низ призма на мерката притвор…….....27
2.4. Очекувања, перспективи и препораки.....29

III. ГЛАВА Мерката притвор во Република Албанија.....43
3.1. Специфики на Албанскиот правосуден систем и мерките притвор.....46
3.2. Аспекти на современиот пристап кон мерките за притвор во Република Албанија.....55
3.3. Перспективи.....58

IV. ГЛАВА Мерката притвор во Косово.....60
4.1. Функционирање на Косовскиот правосуден систем 62
4.2. Специфика на мерката притвор во Косовскиот правосуден систем.....67
4.3. Очекувања …….....75
Заклучок 78
Анкетен Прашалник и Заклучоци.....82
Користена литература …….....101
Листа на кратенки.....105

Споредба на мерки притвор во Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово

Абстракт

Темата е исклучителна по својата суштина, истовремено современа од аспект на научно истражувачка перцепција. Нејзината соджина го акумулира посебниот осврт на феноменологијата на мерките притвор во правосудните системи и нивна споредба во Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово.

Мерката притвор во правосудниот систем се однесуват на сите правни дејствија или постапки преземени од страна на судските органи за приведување на лица осомничени за сторени кривични дела.

Целта на мерките за притвор е осигурување на обвинетите лица за сторени кривични дела, потребата од нивна достапност за судскиот процес и спречување на понатамошни криминални активности и заштита од јавноста.

Мерките притвор по својата правна природа се регулирани со закони и соодветни постапки и процесни дејствија кои што се специфични и соодејствуваат со одредениот развој на односната земја и нејзиниот правосуден систем.

Со оглед на важноста на мерките притвор, основната тематска идеја во истражувачкиот пристап се базира на исниституционалната споредба помеѓу Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово, соседни земји кои имаат значајни и заеднички особености, своја историска, општествена и економска поврзаност.

Клучни зборови: Мерка притвор, правосудни системи, кривични дела,

Comparison of detention measures in Republic of North Macedonia, Republic of Albania and Kosovo

Abstract

The subject is exceptional in its basis, contemporary in terms of scientific research perception. Her husband accumulates a special review of the filmology of detention measures in the justice systems and their comparison in the Republic of North Macedonia, the Republic of Albania and Kosovo.

The term detention in the justice system refers to all legal actions or procedures undertaken by judicial authorities to bring people suspected of crimes into custody.

The purpose of the detention measures is to insure the accused persons for the crimes committed, their availability for the court process and the protection of further criminal activities and protection from the public.

Detention measures by their proper nature are regulated by the laws and procedures and procedures that relate to and interact with the particular development of the respective country and justice system.

Given the importance of detention measures, the basic thematic idea in the research of a unique approach of institutional comparison between the Republic of North Macedonia, the Republic of Albania and Kosovo, neighboring countries that have significant and common characteristics, their historical, social and economic connection.

Keywords: Detention measure, justice systems, crimes

Вовед

Мерката притвор во правосудниот систем се однесува на сите правни дејствија или постапки преземени од страна на судските органи за приведување на лица осомничени за сторени кривични дела. Изречената мерка може да вклучува различни форми на притвор пред судење, како што се апсење, притвор или држење на осомничени во притвор до отпочнување на судскиот процес.

Целта на мерката притвор е осигурување на обвинетите лица за сторени кривични дела, потребата од нивна достапност за судскиот процес и спречување на понатамошни криминални активности и заштита од јавноста.

Мерката притвор по својата правна природа е регулирана со закони и соодветни постапки и процесни дејствија кои што е специфични и соодејствуваат со одредениот развој на односната земја и нејзиниот правосуден систем.

Со оглед на важноста на мерката притвор, основната тематска идеја во истражувачкиот пристап се базира на интитуционалната и финкционална споредба помеѓу Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово, соседни земји во регионот на Западен Балкан, кои што имаат значајни и заеднички особености, разлики, историска, општествена и економска поврзаност.

Мерката притвор по својата правна природа е детерминирана од повеќе фактори, општествени уредувања, традиционален однос, институционален формат на уредување и постапување, вклучувајќи ги спецификите во правосудните системи.

Мерката притвор има свој историски развој и генеза. Во денешниот современ свет, во експанзија на ерата на глобализмот, секоја земја се соочува со голем предизвик со цел за воспоставувањеи функционирање на квалитетен и ефикасен контролен систем и рамка на управување со суштината и последиците зааради широкиот спектар на комплексноста на овој вид ограничување и уредување на одредена состојба поврзана со извршување на кривични дела.

Во тој контекст, повеќето развиени демократски држави преземаат засилени мерки за намалување на овој ризик, со потенцирање и зголемување на степенот

на значење и подигнување на авторитетот на правосудните институции и односот кон алтернативните мерки, со особено нагласување на мерката притвор.

Мерката притвор секогаш привлекувала големо внимание во јавноста.

Во секој правосуден систем независно од општественото и политичкото уредување во најголем број случаи се однесува на практиките и прописите кои што го регулираат држењето на лицата во притвор, затворен простор во одреден извесен или неизвесен период.

Оттука, мерката притвор е клучни заради неколку основни параметри:

- *Правна рамка*

Марката притвор се заснова на постулатите од меѓународното право за човекови права, обезбедувајќи јасна и универзална рамка која вклучува стандарди како што е *Универзалната декларација за човекови права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички* права.[1]

- *Заштита на правата*

Мерката притвор обезбедува заштита на сите лица под каква било форма на притвор или затвор, заштитувајќи ги нивните основни човекови права.

- *Контрола и слобода*

Во контекст на судството, притворот е мерка што ја балансира моќта на државата со цел да регулира со правото на поединецот на слобода. Суштината е во начинот да се заштити општеството, а истовремено да се осигури дека индивидуалните слободи не се претерано нарушени или пак на некој начин загрозени.[2]

- *Важноста на мерката притвор во судскиот систем*

Во правосудниот систем на секоја земја, мерката притвор има улога во одржувањето на редот и безбедноста, почитувањето на владеењето на правото и заштитата на правата и слободите на поединците во правната рамка. Истоверемено изречената мерка претставува првична проверка наспроти моќта и

[1]International standards on detention, OHCHR and detention,https://www.ohchr.org/en/detention/international-standards-detention

[2] Oxford Academic, Constitutional Guarantees of Liberty: A Check on Arbitrary Power of the State, March 2012, https://academic.oup.com/book/10429

обезбедувањето власта да ја манифестира во рамките на законите и стандардите за човекови права.

Статистичките податоци укажуваат на зголемување на ефикасноста на надлежните органи, особено во однос на посветеноста, заштитата и почитување на човековите права и слободи, како високо рангирани уставни категории.

Од друга страна, отсуството на квалитетни мерки притвор, отсуство на доказни материјали во долготрајни постапки, видно го нарушуваат авторитетот на институциите и се добива впечаток за неефикасност на судскиот систем и злоупотреба на мерката притвор.

Затоа е многу важно, покрај создавањето на ефикасна законодавно-институционална рамка, да се зајакнуваат капацитетите на сите инволвирани субјекти во правосудниот систем и алокација на соодветни механизми за ефикасна употреба на потребни ресурси и остварување на современ пристап кон мерката притвор, нејзините реални последици и предизвици.

Мерката притвор постојано е предмет на своевидно моделирање и заради серизоноста на својата употребна вредност предизвикува имплицирање и создава причинско последични односи. Затоа е неопходно, континуирано следење, проучување и сериозно постапување кон мерката притвор како своевиден феномен во кривично - правната сфера.

. Се поставува дилемата - *дали мерките притвор се доволни и адекватни и дали на соодветен начин ја отваруваат целисходноста на нивното изрекување*?

За жал одговорот на ова прашање е комплексен и отвара простор и потреба за постојана реакција, создавање дополнителни и ефикасни измени и дополнувања во форма на прописи и казнено-правни норми кои што ќе овозможат остваруање на ефикасност, хуманост и оправданост.

Вредносниот капацитет кој што го акумулира изрекувањето на мерки притвор треба да опфаќа збир од јасно дефинирани, прецизни инструменти и постапки, за секој државен орган што учествува во нивното креирање, вклучувајќи го и целокупниот правосуден систем.

Повеќе од јасно е дека решавањето на проблематиката во врска со мерките притвор првенствено е поврзано со познавање на посебните облици и форми на кривичните дела и нивната правна и материјална природа.

Како што е важно за органите на прогонот да го откријат профилот на сторителот (како поединец) на казнени дела за поуспешно извршување на нивните надлежности, така за правосудниот систем примарна цел е изрекувањето на соодветната и оправдана мерка притвор.

Токму заради исклучителното значење и правната теорија на мерката притвор, се наметна идејата за темелно научно истражување кое што излегува од националните граници. За таа цел концептот на истражувањето се постави во истражувачка рамка, специфична студија на случај, со апострофирање на феноменологијата на мерката притвор темелно опфатена низ призма на компаративна анализа на состојбите во Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово.

I. ГЛАВА ОПШТИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА МЕРКАТА ПРИТВОР

1.1. Поим и значење на мерките притвор

Секој има право на лична слобода, но меѓународното право за човекови права признава дека лишувањето од слобода понекогаш е оправдано, како на пример во спроведувањето на кривичните закони.

Терминот „мерка притвор“ опфаќа широк спектар на сценарија, од имиграциски притвор до безбедносен притвор во време на вооружен конфликт и во основа е регулиран со различни меѓународни стандарди и правила.[3]

Во правната тероија постои прифатена терминологија и поделба на безбедносен и административен притвор.

Безбедносниот притвор е исклучителна мерка што може да се преземе во вооружен конфликт. Административниот притвор на лица за кои што се верува дека претставуваат закана за државната безбедност, најчесто се применува надвор од вооружените конфликти. Во двата случаи, постои недоволна заштита на правата на засегнатите лица. [4]

Мерката притвор никогаш не може да биде произволен и мора да се спроведува со почитување на владеењето на правото. Како што е потврдено од страна на Советот за човекови права, во содржината на *Резолуцијата 24/12*.[5]

---

[3] International standards on detention, https://www.ohchr.org/en/detention/international-standards-detention
(International human rights law provides a clear and universal framework relating to detention, enshrined by the following standards: Universal Declaration of Human Rights, International Covenant on Civil and Political Rights (ICCPR), Human Rights Committee General Comment 35, Article 9 (Liberty and Security of Person), Body of principles for the protection of all persons under any form of detention or imprisonment, Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (“Nelson Mandela Rules”), United Nations Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders (“Bangkok Rules”), United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice (“Beijing Rules”), United Nations Rules for the Protection of Juveniles Deprived of their Liberty.

[4] Security detention, International Committee of the red cross, www.icrc.org/en/war-and-law/contemporary-challenges-for-ihl/security-detention,

[5] Резолуцијата 24/12 се однесува на документ усвоен од Советот за човекови права. Тој беше наречен „Човекови права во спроведувањето на правдата, вклучително и малолетничката правда“ и беше усвоен на 24-та седница на Советот за човекови права. Оваа резолуција се занимава со различни аспекти на човековите права во рамките на судскиот систем, со посебен акцент на малолетниците. Ја нагласува важноста од третирање на сите поединци во правосудниот систем со почитување на нивното вродено достоинство и права, во согласност со меѓународните стандарди и норми.

Во нејзините одредби јасно е истакнато дека притворениците ги задржуваат сите свои човекови права и основни слободи, освен оние законски ограничувања кои што се предизвикани и поврзани од затворањето.

- *Произволен притвор*

Произволниот притвор се карактеризира со свои специфичности. Изрекувањето на оваа мерка ја изложува жртвата на можност за понатамошни прекршувања, вклучувајќи тортура или друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување, присилни исчезнувања и вонсудско извршување.

Секоја година илјадници лица се подложени на произволен притвор, заради повеќе прични:

- казнети во однос на остварување на едно од нивните основни права според *Декларацијата за човекови права и договорите за човекови права,* како што се правата на слобода на мислење и изразување, слобода на здружување или напуштање и влез во сопствената земја;
- уапсени и притворени без налог или држени во притвор без пристап до адвокат;
- задржани во притвор по престанокот на мерката или казната што им била изречена;
- задржани во административен притвор заради барање азил,
- приведени поради дискриминаторски причини врз основа на раѓање, национално, етничко или социјално потекло, јазик, религија, економска состојба, политичко или друго мислење, пол, сексуална ориентација, инвалидитет или друг статус.[6]

Мерката притвор се однесува на неказнена управна постапка наредена од управен или судски орган за ограничување на слободата на лицето преку притвор. Ова е направено за да може да се спроведе друга постапка, како што е истрага или процес на депортација.[7]

[6] Bachelet, M,UN High commissioner for human rights: 'Urgent action needed to prevent Covid-19 " rampaging through places of detention"', Geneva, 25 march 2020,
[7] https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network.

Притворот е оправдан во одредени ситуации, како што е спроведувањето на кривичните закони, но сепак мора да се спроведува со почитување на правата и достоинството на поединецот. Произволниот притвор може да доведе до натамошни прекршувања на човековите права, вклучително и тортура или друг суров третман.[8]

1.2. Правни и социолошки аспекти на мерката притвор

- *Современ пристап кон мерката притвор*

Современиот пристап кон притворот во основа ја апострофира заштитата на човековите права, правичниот третман и презумпцијата на невиност, балансирање на потребата за остварување јавна безбедност и спроведување на законот со респект и почитување на индивидуалните слободи и човековото достоинство.

Клучните аспекти на истражувачкиот пристап на магистерската тема вклучуваат правни заштитни мерки во однос на притворот, одобрен со закон, со јасни критериуми и дефинирани постапки за негово спроведување.

Во оваа смисла важна е примената на правото на правно застапување, пристапот до информации во врска со причините за притворот, неговата должина и правото да се оспори законитоста на притворот пред судските органи.

Важноста на научно-истражувачката оправданост на темата поврзана со мерките за притвор во правосудниот систем се базира на неколку постулати.

Научно и истражувачко оправдување на темата поврзана со мерките притвор во правосудниот систем има есенцијално значење за креирање на теоријата и примена на практиката, зајакнување на одговорноста, идентификување на најдобрите практики и заштита на човековите права и промовирање на иновации и подобрување во управувањето со притворот.

Особено е нагласена потребата од оправданоста за изрекувањето на притворот пред судење, условите за притвор, малолетничка правда, алтернативните формати на притворот и следењето на притворот како процес.

[8] OHCHR and detentionhttps://www.ohchr.org/en/detention,

Современиот пристап кон притворот се стреми да ги балансира интересите на правдата и човековите права истовремено е насочен кон минимизирање на негативното влијание на затворањето на поединците, поседлиците на нивните семејствата и заедниците во целина.

- ***Мерката притвор во правосудниот систем во земјите од Западен Балкан***

Научното истражување на мерката притвор во правосудните системи на земјите од регионот на Западен Балкан, со англасување на Република Северна Македонија , Република Албанија и Косово, има особено значење заради неколку клучни фактори, особено изразено во правната и институционална поврзаност и различност во кои се применуваат специфични правни системи и пристапи во однос на мерката притвор, поставени во соодветни правни рамки и судски практики.

Темата на магистерскиот труд е генерирана низ примата на историски контекст заради фактот што земјите од регионот на Западен Балкан (со надласување на наведените земји кои се предмет на истражување), веќе подолг врменски период поминува значајни политички, социјални и етнички тензии, конфликти и транзиции.

Историските наследства, вклучително и авторитарните режими, меѓу етничките конфликти и напорите за пост конфликтна обнова, извршија силно влијание на развојот во однос на дизајнирањето и спроведувањето на мерката притвор во македонскиот, албанскиот и косовскиот правосуден систем.

Во овој контекст, истражувањето на практиките во трите земји на мерката притвор создава вредни сознанија за реалните состојби, предизвиците и можностите за судските реформи, процесите на помирување и демократизација.

Важно е да се потенцира загриженоста во однос на заштитата на човековите права, процесот на интеграција во ЕУ, регионална соработка и меѓусебна размена на идеи, слободен проток, отворен пазар и почитување на вредностите и посебностите.

Анализата на феноменологијата на мерката притвор во трите правосудни системи има суштинско значење за остварување на правната и институционалната различност.

Разбирањето и справување со наведните фактори имаат улога во зајакнување на владеењето на правото, заштита на човековите права и поттикнување на одржлив мир и развој на регионот во целина.

Мерката притвор е значаен аспект на правната и социолошката рамка во правосудниот систем.

1. **Правни аспекти**

- *Меѓународните стандарди*

Во доменот на правните аспекти на мерката притвор исклучително внимание и значење е посветено на меѓународните стандарди. Мерката притвор е регулирана со примена на одредбите од меѓународното право, заштитата на човекови права, осигурувајќи дека институционалната рамка на мерката се придржува до стандардите поставени со *Универзалната декларација за човекови права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права*, темелни текстови во областа на меѓународното право за човекови права.

- *Заштита на правата*

Мерката притвор ги штити правата на поединците кои што се во притвор, вклучително и правото на слобода и безбедност на личноста како што е пропишано со различни меѓународни упатства

- *Неопходност и пропорционалност*

Законот нагласува дека притворот треба да се користи како последно средство, залагајќи се за изрекување на алтернативи за притвор во случаите кога е возможно.

- *Судски надзор*

Одлуките за притвор обично ги донесуваат судските тела, со што се обезбедува простор за постоење на правен надзор и дека мерките не се применуваат произволно. Двата документи се од суштинско значење за разбирање на современиот дискурс за човекови права и се користат како основа

за правни стандарди и етички размислувања ширум светот. Во суштина одразуваат глобален консензус за важноста на човековите права и одговорностите на државите да ги поддржуваат. Овие права и слободи во никој случај не смеат да се остварат спротивно на целите и принципите на Обединетите нации.[9]

2. Социолошки аспекти

- *Контрола на криминалот*

Социолошки апсекти се важен сегмент во однсо на притворот и служи како средство за контрола и намалување на криминалот преку одвраќање, рехабилитација и онеспособување.

- *Социјална регулација*

Социјалната регулација изразено ја зајакнува општествената форма на уредување со реафирмирање на границите на прифатливото однесување. Функционалистичката теорија на Диркем е камен-темелник на социологијата, предлагајќи дека општеството е слично на жив организам, каде што различни делови работат заедно за одржување на стабилноста и редот.

- *Ресторативна правда*

Во праксата се повеќе се става акцент на ресторативната правда, која што го вклучува сторителот во активности кои ја надоместуваат штетата предизвикана од нивниот криминал, потенцијално намалувајќи ги стапките на повторување на кривичното дело.

- *Влијание врз општеството*

Притворот и неговите алтернативи имаат големо влијание врз општеството, на инволвираните поединци, на јавните перцепции и политики поврзани со криминалот и казнувањето.

Правни и социолошки аспекти на мерката притвор меѓусебно се интерактивно поставени и ја детерминираат нивната суштина.

[9] https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights

1.3. Мерката притвор – дел на алтернативните мерки

- *Алтернативни мерки*

Во теоријата не постои унифицирана правна дефиниција за поимното определување на терминот алтернативи на притворот. Оттука овие мерки може да се дефинираат како *мерки без притвор к*ои што се користат за следење и ограничување на движењето на државјаните на трети земји за време на периодот потребен за решавање на статусот на миграција и азил, додека се чека нивното отстранување од територијата.[10]

По својата природа алтернативните мерки претставуваат предмет на стандардите за човекови права и треба да се анализираат од случај до случај, земајќи ги во предвид индивидуалните фактори. Постојат многу примери на алтернативни мерки кои што ја апсловираат обврската за редовно јавување до властите, доказ на депозит на соодветна финансиска гаранција, обврска за престој на одредено место итн.[11]

Алтернативи на мерките за притвор би можеле да повлечат должности кои што подразбираат различни нивоа на принуда, кои што главно се насочени кон ублажување на факторите на ризик идентификувани од властите согласно нивното убедување дека поединецот бил подложен на притвор. Како општ принцип, од суштинско значење е да се разјасни разгледувањето за алтернативи е релевантно и легално само во случаи кога има легитимни основи за притвор.

Главниот предизвик во примената на алтернативни мерки за притвор може да се смета почитувањето на начелото на пропорционалност при оценување на основите за притвор на странец и проценката на околностите на односниот случај.

Преиспитувајќи го прашањето за притворот и употребата на алтернативи на притворот, од 2014 година, може да се заклучи дека индивидуалниот пристап кон

[10] EMN Glossary
[11] Article 8(4) of the Reception conditions directive (recast)

секој случај сè уште е важен сегмент, земајќи ги во предвид специфичностите и околностите на секој поединечен случај. [12]

- *Улогата на алтернативните мерки*

Улогата на алтернативните мерки во судскиот систем е повеќеслојна и служи за остварување на неколку клучни цели:

- *Диверзија*

Алтернативните мерки обезбедуваат начин за пренасочување на прекршителите, особено оние кои што се вклучени во прекршоци, со *"помал интензитет*", кои по својата правна природа се дистанцираат од формалниот кривично-правен систем. Статус кој помага да се спречат негативните последици од криминалното досие и потенцијалниот повратна сторување кривично дело.

- *Ефикасност*

Алтернативните мерки нудат поефикасно решавање на споровите.

- *Обнова*

Често овие мерки имаат за цел да ја поправат штетата предизвикана од прекршокот, фокусирајќи се на потребите на жртвите и заедницата, наместо да се казнува сторителот.

- *Рехабилитација*

Со вклучување на престапниците во процесот на решавање, алтернативните мерки можат да придонесат за нивна рехабилитација и реинтеграција во општеството.

- *Културна чувствителност*

Алтернативните мерки да бидат културно почувствителни, земајќи ги предвид традициите и обичаите на вклучените заедници, што може да доведе до поприфатливи и одржливи резултати.

- *Ефективност на трошоците*

Алтернативните мерки можат да бидат поисплатливи од традиционалните судски постапки, заштедувајќи ресурси за страните и правосудниот систем.

[12] Detention and Alternatives to detention in international protection and return procedures Common Template for EMN Study 2020, Final Version, 4 January 2020, EMN Focussed Study 2020, Detention and alternatives to detention in international protection and return procedures,

- *Овластување*

Мерките ги овластуваат страните со понуда на поактивна улога во решавањето на споровите и постигнувањето заемно прифатливи решенија.

Севкупно, алтернативните мерки се дизајнирани да го надополнат традиционалниот судски систем, обезбедувајќи едноставен пристап кон правдата кој може повеќе да одговара на потребите на засегнатите страни.

Мерката притвор како алтернативна мерка во правосудниот систем, особено во земјите на Западен Балкан е дел од поширокото движење кон ресторативна правда и имплементација на стратегии кои што имаат за цел да ја решат штетата предизвикана од криминалното однесување на поконструктивен начин. Овој пристап се смета за начин да се ублажат прашањата како што се пренатрупаноста на затворите, високите трошоци за затворање и негативните влијанија врз рехабилитацијата и реинтеграцијата на престапниците во општеството.

- ***Придонесот на алтернативните мерки во правосудниот систем***

Алтернативните мерки во судскиот систем играат клучна улога во подобрувањето на пристапот до правдата и управувањето со оптоварувањето со предмети на формалните судови. Во суштина мерките се дел од поширокиот концепт познат како Алтернативни судски системи (АПС), кој вклучува различни форми на механизми за решавање спорови надвор од традиционалниот судски систем. Нивниот придонес е насочне кон:

- *Пристапот до правда*

Алтернативните мерки обезбедуваат подостапни и достапни средства за поединците за решавање на споровите, особено во областите каде што формалните правни услуги се ограничени или премногу скапи..

- *Ефикасност*

Меките помагаат во намалувањето на заостанатите случаи во формалните судови со пренасочување на одредени спорови на алтернативни форуми, што доведува до побрзо решавање.

- *Правен плурализам*

Препознаваат коегзистенција на повеќе правни системи во една земја и нудат плуралистички пристап кон правдата кој почитува различни вредности и норми.

- *Усогласување на човековите права*

Се прават напори да се осигура дека овие алтернативни системи се во согласност со уставните директиви и меѓународните стандарди за човекови права.

Генерално, алтернативните мерки се стратешки компоненти на судскиот систем, чија цел е да ги надополнат формалните судски процеси и да придонесат за ефективна правна рамка.

Алтернативни мерки имаат влијание врз правата на личноста

Клучни аспекти за тоа како се спроведуваат алтернативните мерки за притвор во земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ги Македонија, Албанија и Косово.

1. *Ресторативна правда* - Пристап го нагласува поправањето на штетата предизвикана од криминалот преку процеси кои ги вклучуваат жртвата, сторителот и заедницата, вклучувајчи и обиди за изнаоѓање решенија кои промовираат процеси на заздравување и репарација.

2. *Посредување жртва-сторител*- Процес каде што жртвите и престапниците се собираат заедно за да разговараат за влијанието на кривичното дело и да се договорат како да ја поправат штетата. Се применува за малолетници и пошироко (особено воРепублика Албанија).

3. *Санкции засновани на заедницата* - Овие санкции се дизајнирани да ги задржат прекршителите во заедницата, истовремено обезбедувајќи дека тие преземаат одговорност за своите постапки. Во овој случај може да се вклучат општествено корисна работа, условна казна или образовни програми.

4. *Правни реформи* - Идејата е реформска на законските рамки за да се поддржи употребата на изрекување на алтернативи на притворот, земајќи ги во предвид нивмите придобивките за поединците и општеството како целина. [13]

Усвојувањето на наведените категории на алтернативни мерки одразува промена кон реахабилитиран и флексибилен казнен правосуден систем, со редуцирана моќ, усогласен со основните вредности за човековите права на Европската унија и придонесува за општествени придобивки како што се намален рецидивизам и подобрени изгледи за социјална рехабилитација.[14]

1.4. Предизвици и очекувања

Современите очекувања од мерката притвор е значајна тема во контекст на меѓународната заштита.. Сегашната перспектива нагласува дека притворот треба да се користи како последно средство кое ја охрабрува употребата на алтернативи за да се избегне произволно лишување од слобода. Алтернативите може да вклучуваат редовно известување до надлежните органи, финансиски гаранции или распоредување на одредена локација.[15]

Во контекст на борбата против тероризмот и вооружените конфликти, фокусот е насочен кон предизвиците и дебатите околу употребата на административниот притвор и непритворните мерки, како што е одреденото живеалиште.[16]

Меѓународното право за човекови права обезбедува рамка за стандардите за притвор, и остварува заштита на правото на слобода и безбедност.[17]

Иднината на притворот веројатно ќе биде под влијание на процесите и истражување во однос на влијанието на тековната практика и истражување за похумани и поефективни алтернативи.

---

[13] These rights include: the right to family life (Article 2 ECHR; Article 9 CFREU; Article 12(2) 1951 Refugee Convention), the right to privacy (Article 8 ECHR), prohibition of torture (Article 3 ECHR) the prohibition on inhuman or degrading treatment (Article 3 ECHR),

[14] .EFRJ_Thematic_Brief_RJ_and_Alternatives_to_Detention.pdf,

[15] Detention and Alternatives to detention in international protection and return procedures Common Template for EMN Study 2020 Final Version, 4 January 2020,

[16] Lawrence Hill-Cawthorne, Detention in the context of counterterrorism and armed conflict: Continuities and new challenges, 2021.

[17] International standards on detention, OHCHR and detention, ttps://www.ohchr.org/en/detention/international-standards-detention25 April, 2023

Во однос на споменатите сегменти, во научната теорија постојат неколку сегменти кои што ја нагласуваат насоката во која би можеле да се развиваат мерките за притвор:

- *Преиспитување пред судењето и изрекувањето на казната.*

Постои притисок да се преиспита пред судењето и изрекувањето на казната да се намали масовното затворање. Состојба која вклучува испитување на ефектите од притворот пред судењето и истражување на политичките реформи за попропорционално изрекување на казните без да се загрози јавната безбедност.[18]

Влијанието на имиграцискиот притвор врз здравјето

Во оваа смисла е препознаваат здравствените последици, особено менталното здравје, од имиграцискиот притвор.

Постои евидентенден тренд алтернативите на притворот да го заштитат здравјето на бегалците и мигрантите.[19]

- *Контратероризам и вооружени конфликти*

Употребата на притвор во средини за борба против тероризмот и вооружени конфликти е под лупа. Предизвикот е да се балансираат безбедносните грижи со почитувањето на меѓународните правни стандарди.

- *Практики на управување со затворите*

Се прават напори за подобрување на управувањето со затворот фокусирајќи се на рехабилитација, реинтеграција и здравје на затворениците за да се намали пренатрупаноста и да се промовираат значајни активности.[20]

- *Законодавство за превентивен притвор*

Некои влади размислуваат за легислатива што ќе овозможи превентивен притвор за да се справат со ризиците што ги претставуваат поединци кои би можеле да извршат сериозни кривични дела.[21]

---

[18] A better path forward for criminal justice: Reimagining pretrial and sentencing K. Lattimore, P.K. Spohn, C. and Matthew De Michele, April 2021,

[19] Immigration detention is harmful to health – alternatives to detention should be used, May 2022 ,https://www.who.int/europe/news/item/04-05-2022

[20] Current issues and good practices in prison management – Thematic report of the Special Rapporteur on Torture, issued by Special Rapporteur on torture, 27 November 2023,https://www.ohchr.org/en/calls-for-input/2023,

[21] The government's preventative detention legislation, explained. Does the punishment fit the crimes? 11 December 2023, https://www. sydney.edu.au/news-opinion/news/2023/12/11

Во конекст на горенавеното, евидентно е дека наведените сегменти, како значајни елементи упатуваат на трендот кон поизразен пристап во однос на притворот, со апострофирање на човековите права, здравјето и рехабилитацијата, а истовремено заложбата на грижата за јавната безбедност.

Во иднина, најверојатно, ќе се спроведуваат реформи во политиката, истражување и практика кои што се оддалечуваат од казнените мерки и ќе се движат кон флексибилно изразени ресторативни и превентивни стратегии.

Мерката притвор и очекувањата јасно се сублимирани во едноставен концепт во кои меѓународното право за човекови права обезбедува јасна и универзална рамка за притвор. Основните стандарди ги вклучуваат содржи слените елементи:

- Универзалната декларација за човекови права - сновен документ кој што го нагласува правото на слобода и безбедност на личноста.
- Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Членот 9 кој ја апострофира заштитата поврзани со слободата и безбедноста.
- Комитетот за човекови права го разработува членот 9, нагласувајќи ги индивидуалните околности во одлуките за мерката притвор.

Покрај наведените правни инструменти, постои Тело на принципи за заштита на сите лица кои се подложени на мерката притвор или слична форма на притвор или затвор. Принципите кои што го промовираат хуманиот третман за време на притворот, се евидентни и јасни:

- *Принципи на Нелсон Мандела* - правила кои што поставуваат минимални стандарди за третман на затвореници.
- *Принципи од Бангкок* - правила кои што промовираат правила за родово чувствителни пристапи.
- *Принципи од Пекинг* - правила кои што се фокусираат на администрацијата на малолетничката правда.[22]

[22] International standards on detention OHCHR and detention, Available on https://www.ohchr.org/en/detention/international-standards-detention

II. ГЛАВА МЕРКАТА ПРИТВОР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2.1. Мерката притвор во Македонскиот правосуден систем

Мерката притвор во правосудниот систем се однесува на правни дејствија или процедури преземени од страна на судските органи за приведување на лица осомничени за сторени кривични дела.

Македонското општество и правосудниот систем во целина се наоѓаат во постојани реформски процеси и исполнување на обврските за владение на правото, борбата против корупција и почитување на чвековите права и слободи.

Во овој контекст исклучително место зазема мерката притвор, алтернативната која се карактеризира со повеќе особености која се разликува и претставува една од клучните мерки во македонскиот правосуден систем.

Од една страна се наоѓа лицето кому се изрекува мерката притвор а од друга страна е институционалниот систем и збирот на правни норми со прописи кои што ја детерминираат оваа материја.

Република Северна Македонија подолг временски период ја остварува европската агенда, со цел исполнување на условите за полноправно членство во Европската унија и дел на евроинтегративните процеси. Особено е нагласана улогата за апроксимација на националното право со европското законодавство.
Во таа смисла станува збор за тежок процес кој што се одвива во долга временска рамка. Дополнително се наметнува потребата од владеењето на правото како есенцијален сегмент, почитување на човековите права и слободи, презумција на невиност а особено е нагласена потребата од уредување на мерката притвор и нејзината комплексност од повеќе аспекти.

Во процесот се случуваат постојани потешкотии кои што го забавуваат пристапувањето кон Унијата. Граѓаните со право се прашуваааат до кога ќе траат сите неизвесности од институционални, социолошки, правни, економски и образовни аспекти и реформски процеси, особено долготрајните реформи во судството. Оттаму се наметнуваат и прашањата за регулирање и на мерката

притвор како дел на алтернативните мерки и нивното значење во македонското општество.

Сосема логично може да се истакне фактот дека едно општество својата реформска агенда може да ја реализира во услови без надворешни влијанија и амбиент на внатрешен мир и целосна институционална функционалност.

За жал, македонскиот граѓанин ја нема таа можност заради сопствената нестабилност и постојани кризни состојби, внатрешни тензии, потешкотии во однос на владеењето на правото, економски, социјални предизвици, примена и заштита на највисоките вредности - личноста и интегритетот на секој кога се соочува со правосудниот систем и неговата сложеност.

Но, сепак, покрај реалноста, научните истражувања покажуваат изразена верба во иднината и надминување на сите потешкотии и создавање услови за мир, безбедна држава и владеење на правото со еднаков третман на сите граѓани.

Притворот во Република Северна Македонија е регулиран со националните закони и прописи и Меѓународните стандарди за човекови права. Системот на регулирање и функционирање на мерката притвор во Северна Македонија се базира на неколку постулати:

- ***Правна основа***

Мерката притвор е првенствено регулирани со *Законот за кривична постапка на Северна Македонија*[23]. Овој кодекс ги наведува процедурите за притвор, вклучувајќи ги основите за притвор, времетраењето, судскиот надзор и правата на притворените лица.

Форматот на системот за притвор и мерките со кои што располага правосдуството е креиран на уредена правна основа, дефинирани услови за притвор, притвор пред судење, услови за притвор, алтернативи на притворот, притворот во однос на малолетничката популација и степенот на одговорност.

[2323] Кривичен законик, “Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/03 , 19/04 и Одлука на Уставен суд: Сл. весник 48/01, 2019,

- ***Основи за притвор***

Притворот во Северна Македонија може да биде нареден од надлежен судски орган, обично судија, врз основа на конкретни основи дефинирани во законот. Овие основи често вклучуваат сомневање за сторено кривично дело, ризик од манипулација со докази или загрозување на безбедноста.

- ***Притвор пред судење***

Притворот се користи за да се обезбеди присуство на обвинетиот во текот на кривичната постапка, да се спречи мешање во истрагата или да се заштити јавната безбедност. Времетраењето на притворот е ограничено со закон, а притворениците имаат право да ја оспорат законитоста на притворот пред суд.

- ***Услови за притвор***

Притворениците во Северна Македонија имаат право на хуман третман и заштита на нивните основни права, вклучувајќи пристап до правен совет, медицинска нега и комуникација со членовите на семејството. Сепак, извештаите на меѓународните организации за човекови права иницираат загриженост за пренатрупаноста, несоодветните капацитети и случаите на малтретирање во центрите за притвор.

- ***Алтернативи на притворот***

Република Северна Македонија ги препознава алтернативите на притворот, како што се кауција, куќен притвор или електронско следење, како што е предвидено во законот. Овие алтернативи имаат за цел да ги балансираат правата на обвинетите со интересите на правдата и јавната безбедност.

- ***Малолетничка правда***

Во македонското законодавство постојат посебни одредби за заштита на правата на малолетните притворениции. Мерката притвор за малолетници има цел да им даде приоритет на рехабилитацијата, образованието и реинтеграцијата во општеството, во согласност со меѓународните стандарди.

- ***Надзор и одговорност***

Судството во Северна Македонија игра клучна улога во надзорот на мерките за притвор за да се обезбеди нивната законитост, пропорционалност и

усогласеност со стандардите за човекови права. Националните и меѓународните организации за човекови права ги следат објектите за притвор и се залагаат за подобрување на условите и практиките на притвор.

Во пракса постојат тековни предизвици поврзани со обезбедување на соодветни услови за притвор, спречување на злоупотреби и промовирање на алтернативи како форми на притворот кое се прозивод на времето во кое живееме и се каракреризираат со посебност.

Напорите за справување со овие предизвици бараат континуирана посветеност и почитување на владеењето на правото, човековите права и промовирање на судските реформи во земјата и вредносните капацитети во целина.

2.2. Националните и европските аспекти на мерката притвор

Мерките за притвор во Северна Македонија, особено во контекст на миграцијата, се под влијание и на националните политики и на европските стандарди.

- ***Национални обележја на мерката притвор***

Современите аспекти на мерката притвор во националните рамки кои што се применливи во македонскиот правосуден систем опфаќаат различни правни, процедурални и практични аспекти кои имаат цел да обезбедат правично и ефикасно спроведување на правдата почитувајќи ги стандардите за човекови права.

Во тек се постојани активности за зајакнување на капацитетите на судските службеници, агенциите за спроведување на законот и притворскиот персонал во Македонија преку програми за едуцирање, организирање работилници и размена на меѓународни експерти. Иницијативите за градење капацитет имаат за цел да го подобрат знаењето за правните стандарди, процедуралните барања и најдобрите практики во управувањето со притворот.

Во суштина, современите мерки применливи за притворот во Македонија одразуваат посветеност на промовирање на владеењето на правото, презумција

на невиност, заштита на човековите права и поттикнување правични и ефективни практики на кривичната правда. Континуираните напори за спроведување реформи, справување со предизвиците и унапредување на соработката меѓу засегнатите страни се од суштинско значење за обезбедување на интегритетот и легитимноста на системот за притвор во Македонија.

И со примената на новиот Закон за кривична постапка провејуваат старите проблеми во однос на мерката притвор: необразложени решенија за притвор, едно решение за повеќе обвинети, не се внимава на презумцијата на невиност во истрага, па се наведува дека приворот се определува заради запретената казна и начинот на сторување на делото, не се наведуваат докази и факти за основаното сомнение дека осомниченият го сторил делото, како и докази за основите за определување на мерката притвор.[24]

- ***Европските обележја на мерката притвор***

Усогласувањето на меѓународните прописи во однос на мерките за притвор е процес каде националните закони се усогласуваат со меѓународните стандарди и норми за да се обезбеди заштита на човековите права. Во контекст на Северна Македонија, ова вклучува прилагодување на нејзината правна рамка за исполнување на обврските од меѓународните договори и конвенции на кои таа е членка.

Република Северна Македонија презеде чекори за усогласување на мерките за притвор со меѓународните регулативи, особено оние утврдени од Европската унија и Обединетите нации. На пример, Република Северна Македонија е членка на *Конвенцијата од 1954 година за статусот на лицата без државјанство* и пристапила кон *Конвенцијата за намалување на без државјанството од 1961 година.*[25]

Споменатите меѓународни инструменти обезбедуваат насоки за третман на лица без државјанство и имаат за цел да спречат произволното притворање.

[24] Бужаровска Г. Андреевска С., Тумановски А. (2010): Примена на мерката притвор според Законот за кривична постапка од 2010 година. Скопје,
[25] Stratelessness index, Republic of North Macedonia, October 2020, Page 2,

Судскиот систем на Северна Македонија е структуриран да обезбеди поделба на власта и владеење на правото, при што судовите имаат специјализирани одделенија за кривични, граѓански и управни прашања.[26]

Република Северна Македонија, направи напори да ги прилагоди своите регулативи за да се усогласат со директивите на ЕУ, вклучувајќи ја *Директивата 2011/95/ЕУ,* која што поставува стандарди за квалификација на државјани на трети земји или лица без државјанство како корисници на меѓународна заштита[27].

Сепак, и покрај овие напори, постојат предизвици во целосното спроведување на овие усогласени прописи. Извештаите од различни извори и формати јасно ја истакнуваат потребата од итни мерки за подобрување на состојбата во затворите и поддршка на алтернативи за притвор. Северна Македонија активно работи на усогласување на мерките за притвор со меѓународните регулативи, но сè уште има простор за подобрување во спроведувањето и спроведувањето на овие мерки за да се осигура дека тие се целосно усогласени со меѓународните стандарди за човекови права.

2.3. Владеење на правото и почитување на човековите права низ призма на мерката притвор

- ***Заштита на човековите права***

Истражувањето обезбедува платформа за проценка на влијанието на мерките за притвор врз човековите права, достоинството и благосостојбата на поединците. Во суштина анализата помага да се идентификуваат случаите на злоупотреба, дискриминација или прекршување на правата во притворските установи, поттикнувајќи корективни мерки и напори за застапување за заштита на правата на притворениците и промовирање на социјалната правда.

---

[26] European Judical Network, https://www.ejn-crimjust.europa.eu/ejn2021/ContentDetail/EN/5/36

[27] Izeti, M. Euroepan Jurnal of research and social science, Adjustment of regulations in the Republic of Northern Macedonia with EU regulations with special review on immigration and asylum rights, vol. 8 no. 2, 2020, ISSN 2056-5429

- *Промовирање на иновации*

Научното оправдување поттикнува иновации и подобрување во дизајнот, спроведувањето и евалуацијата на мерката притвор. Поттикнувањето на истражувачки соработки, интердисциплинарни пристапи и решенија засновани на податоци води кон континуирано подобрување на одговорот на судскиот систем на предизвиците и сложеноста поврзани со притворот.

Научно и истражувачко оправдување на темата поврзана со мерката притвор во правосудниот систем има значење за информирање на политиката и практиката, зајакнување на одговорноста, идентификување на најдобрите практики, промовирање на иновации и подобрување во управувањето со притворот. Аспирациите на Република Северна Македонија за пристапување во Европската унија веќе подолг временски период бележат суштински реформи во различни сектори, вклучувајќи го судството со посебно нагласување на алтернативните мерки, а посебно внимание е насочено на мерката притвор.

Мерката притвор во судскиот систем во Република Северна Македонија е под влијание на аспирациите за пристапување на земјата во законодавните реформи, судска независност и правото на правично судење, усогласеноста со човековите права, градење капацитети и институционално зајакнување, мониторинг и евалуација и осварување регионална соработка.

Меѓународното и правото на ЕУ го гарантираат и штитат правото на слобода и безбедност како силна *компонента на основните права на поединецот. Европската* конвенција за човекови права, каде што во членот 5 (1) се истакнува принципот дека „*Секој има право на слобода*“,.

Членот 9 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, јасно пропишува дека - *Секој има право на слобода и личната безбедност.*

- *Никој не смее да биде предмет на произволно апсење или притвор.*
- *Никој нема да биде лишен од слобода освен по основ и по постапка утврдена со закон“.*

Накратко, сите мерки кои што може да имаат влијание врз човековите права на личноста треба да бидат изречена зависно од случајот и неговата правна природа.

Принципите на неопходност и пропорционалност треба да се почитуваат како суштински дел од одлуката за приведување државјанин на трета земја според правото на ЕУ. Сепак, треба да се забележи дека принципот на неопходноста, додека се применува во правото на ЕУ во однос на основите за притвор што мора да бидат оправдани, не е земени во предвид од Европската конвенција за човекови права.

Исто така, јасно е дека се предвидуваат и принципите на неарбитрарност и законитост, па оттука притворот треба да се базира на основи за притвор утврдени со закон.[28]

Притоа, како и *Европскиот суд за човекови права* нагласи во неколку пресуди во пракса, домашните власти ефикасно проверуваат и обезбедуваат докази дали алтернативна мерка можно е помалку присилно од притворот. [29]

Во оваа смисла, административниот притвор на поединци може се одвива само во оние случаи каде што нема алтернативи.

2.4. Очекувања, перспективи и препораки

- **Главните очекувања**

Усогласување со стандардите на ЕУ. Во тек е напор за усогласување на македонскиот правосуден систем со директивите и регулативите на Европската унија. Ова вклучува усвојување мерки кои го спречуваат произволниот притвор и ги штитат правата на поединците за време на пред судење и по осудувањето.

[28] The use of detention and alternatives to detention in the context of immigration policies, EMN 2014.
The principles of non-arbitrariness and legality are laid down in the following international law instruments: Art. 9 Universal Declaration of Human Rights (1948), Art. 9 (1) International Covenant on Civil and Political Rights (1966), Art 16(4) International Convention on the Protection of the Rights of All Migrant Workers and Members of Their Families, (1990), Council of Europe (PACE), Resolution 1707(2010), 10 Guiding Principles ,
[29] A.B. and Others v. France, No. 11593/12, 12 July 2016, § 124,

Стапки на притвор пред судење и владеење на правото во Европа Објавено: 26 април 2021 година (*последно прегледано на 25 мај 2024 година*)

Во 2020 година, стапките на притвор пред судење се зголемија низ земјите-членки на ЕУ, и покрај сериозните здравствени ризици создадени од притворањето луѓе за време на пандемијата COVID-19. Во голем број земји-членки, вклучувајќи ги Полска и Франција, бројот на луѓе кои се држат во затвор додека чекаат судење постојано се зголемува во последните пет години.

- *Зголемување на притворот е знак дека владеењето на правото продолжува да опаѓа низ Европската унија.*

Владеењето на правото бара системите на кривичната правда да бидат фер и отворени.

- *Од перспектива на поединец*, ова значи дека луѓето кои се обвинети за кривично дело се третираат праведно.

Од перспектива на државата, системите за кривична правда мора да обезбедат дека органите за спроведување на законот работат во рамките на нивните законски надлежности и не ги надминуваат нивните законски овластувања.

И покрај тоа што органите за спроведување на законот треба да имаат законски овластувања за истрага и гонење на злосторствата, законитоста и пропорционалноста на нивните постапки, кои директно влијаат на основните права на луѓето, мора да подлежат на независен и непристрасен преглед.

- *Лишувањето од слобода* додека чека пресуда за неговата вина или невиност во кривично дело е меѓу најтешките одлуки што може да ги донесе еден кривично-правен систем, и затоа, тука започнува владеењето на правото.
- *Притворот* треба да се користи само како последна мерка кога, по темелна индивидуална проценка, се смета дека е неопходно, пропорционално и во согласност со презумпцијата на невиност и правото на слобода. Ако луѓето непотребно се стават во притвор, тоа укажува на

неуспех на механизмите за одржување на владеењето на правото и заштита на поединците од прекумерната употреба на државната моќ.

Високите стапки на притвор пред судење се знак дека овие строги ограничувања не се почитуваат и дека владеењето на правото се поткопува.

Националната стратегија за развој на казнено-поправниот систем (2021-2025) има за цел да обезбеди и хуманизира третман на притворените и осудените лица, почитувајќи ги и заштитувајќи ги нивните основни права.[30]

Македонскиот правосуден систем минува низ значајни реформи во, вклучувајќи го и пристапот кон правната природа на мерката притвор. Идните очекувања од денешна гледна точка неминовно е да се анализираат и предвидуваат во поширока слика.

Во последните години евидентна е појава на ссочување со системски предизвици кои што ги отвараат есенцијалните прашања:

- *Унифицирање на судската пракса* - Напорите за унифицирање на судската пракса во Македонија наидуваат на пречки, со потреба од поддршка за воспоставување унифицирана судска пракса во правниот систем.[31]
- *Независност на судството* - Постоење на реална загриженост во врска со независноста на судството. Извештаите најчесто сугерираат дека реформите покажуваат одреден напредок, но сè уште има потреба Судскиот совет да ја зајакне својата улога како чувар на независноста и непристрасноста на судството.[32]
- *Политичко мешање и корупција* - Судството често е критикувано за политичко мешање, непотизам, корупција и одложување на случаите, што доведува до кршење на законот и правдата.[33]

[30] Северна Македонија, Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, СООПШТЕНИЕ: Презентирана Националната стратегија за развој на казнено-поправниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025),

[31] Unifying-the-court-practice-in-Macedonia-possibilities-vs.-challenges.ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА, possibilities v..v challenges ,Center for Legal Research and Analysis, 2015,

[32] Zhagar.B. European Policy Institute, Skopje, December, 2022, THE INDEPENDENCE OF THE JUDICIARY IN NORTH MACEDONIA: WHERE ARE WE AND WHERE ARE WE HEADING?

[33] Iseni. f. Judiciary Challenge of Republic of North Macedonia Towards EU Integration, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR),2021

- *Јавна доверба* - Постои значително ниво на недоверба на јавноста во судовите и јавното обвинителство, со перцепција дека овие институции се едни од најкорумпираните и имаат потреба од реформи.[34]
- *Стагнација на реформите* - Стагнацијата во процесот на реформи во судството се смета за голем недостаток во зајакнувањето на демократските институции и обезбедувањето дека судството работи со ефикасност, непристрасност и почитување на владеењето на правото.[35]
- Овие предизвици ја нагласуваат потребата од континуирани реформи и мерки за подобрување на ефикасноста, транспарентноста и независноста на судскиот систем во Северна Македонија.
- Анализирано во рамките на правната рамка, современиот пристап кон мерката притвор во судскиот систем во Северна Македонија опфаќа:
- ***Правна рамка***

Мерката притвор во Северна Македонија првенствено се регулирани со Законот за кривична постапка заедно со други релевантни закони. ЗКП ги наведува процедурите и условите под кои поединците можат да бидат притворени во очекување на судењето.

- ***Превентивни мерки***

Законот за кривична постапка како lex specialis предвидува различни превентивни мерки, вклучувајќи притвор, куќен притвор, кауција и судска контрола. Мерките притвор имаат за цел да обезбедат правилно водење на кривичната постапка и да спречат извршувањена понатамошни кривични дела.

- ***Судски надзор***

Мерката притвор во Северна Македонија е предмет на судски надзор, при што судиите се одговорни за издавање наредби за притвор и нивно периодично разгледување. Судиите ја оценуваат неопходноста и пропорционалноста на притворот врз основа на околностите на секој случај и гарантираат дека правата на притворениците се почитуваат во текот на целиот процес.

[34] NDI, North Macedonia, Citizens concerned with crime, corruption and economy, 2021,
[35] The people's network, https://bnnbreaking.com/

- ***Времетраење на притворот***

Законот за кривична постапка на Северна Македонија поставува ограничувања за времетраењето на притворот, со одредби за преиспитување и продолжување од страна на судот доколку е потребно. Притворениците имаат право да ја оспорат законитоста на нивниот притвор и да бараат ослободување доколку веќе не се исполнети условите за притвор.

- ***Права на притворениците***

Притворениците во Северна Македонија имаат право на основни права загарантирани со закон и меѓународни стандарди, вклучувајќи го и правото на правно застапување, правото да бидат информирани за причините за нивниот притвор и правото на правично судење.

- ***Услови за притвор***

Северна Македонија се соочи со предизвици во однос на условите на притвор, вклучително и пренатрупаност и несоодветни капацитети. Во тек се напорите за подобрување на условите во центрите за притвор и обезбедување усогласеност со стандардите за човекови права.

- ***Меѓународни стандарди***

Македонскиот правосуден систем е посветен на почитување на меѓународните стандарди и договори за човекови права, вклучително и оние поврзани со притворот и третманот на притворените. Ова го вклучува почитувањето на Европската конвенција за човекови права и Стандардните минимални правила на Обединетите нации за постапување со затворениците.

- ***Перспективи***

Перспективите за мерките за притвор во македонскиот правосуден систем се фокусирани на усогласување со европските стандарди, подобрување на условите во притворските установи и обезбедување фер и хуман третман на притворениците.

- ***Реформи и градење капацитети***

  Се очекува правосудниот систем претрпува реформи кои ќе изградат капацитет за подобро управување со притворските установи и ќе обезбедат почитување на правата на притворениците.

Постои притисок кон користење алтернативи на затворањето, особено кога прекршителите не се сметаат на закана за општеството и може да бидат ресоцијализирани без изолација во казнено-поправен дом.

Македонскиот систем на санкции претставува интегриран, плуралистички казнен систем кој се фокусира на казнувањето како главна санкција.

Сепак, главен приоритет на Република Северна Македонија треба да биде овозможување на алтернативниот систем на санкционирање на сторители за прв пат, кривични дела од небрежност и помали кривични дела. Затворската казна во никој случај не треба да се смета за единствен одговор за прекршување на законски стандард или кривично дело.

Со воведувањето на Законот за извршување санкции во 2019 година, започна нова фаза во затворскиот систем и казнената политика во Република Северна Македонија. Очекувањата се насочени кон анализирање на формите на третман на затворениците и главните предизвици со кои се соочува затворскиот систем денес, условите и пренатрупаноста, етничката различност и религија, правните лекови, образованието, здравствениот и посебниот третман на младите престапници.

Дополнително се прават напори за подобрување на условите во притворските установи согласно обрската предвидена со исполнат меѓународните стандарди за човекови права.[36]

Оттука, сосем алогично, се очекува македонскиот правосуден систем да продолжи да се развива, со фокус на реформирање на мерката притвор за да се осигура дека за нивната праведност, ефективност и почитување на човековите права. Овие промени се очекува да придонесат за праведен правосуден систем.

[36] Мујоска Трпевска, Е. Лазетиќ, М. Researchgate, Затвори во Република Северна Македонија, .декември 2021 година

- ***Препораки***

Неопходно е унапредување на методологијата за прибирање податоци во поглед на примената на мерката притвор и зголемување на свеста на сите надлежни институции кои што можат да го дадат својот придонес кон подобрување на состојбите и намалување на непотребната примена на оваа мерка. На овој начин ќе се овозможи соодветно мапирање на конкретните проблеми и потешкотии со кои се соочуваат правните практичари, со што ќе се овозможи изнаоѓање на најсоодветното, применливо и одржливо решение, а воедно ќе се овозможи и континуирано следење и евалуација на примената на притворот, со цел исполнување на критериумите поставени со практиката на ЕСЧП, како и со поглавјето .

Треба да се направат дополнителни напори за практично заживување на Законот за пробација, со цел да се овозможи соодветна примена на полесните мерки за обезбедување на непречениот тек на кривичните постапки. Ова е особено битно доколку се земе предвид дека притворот доминантно се определува со цел да се обезбеди присуството на обвинетиот во текот на кривичната постапка, а тоа може да се обезбеди и со други мерки доколку се овозможи нивна правилна примена во практиката.

Потребно е да се направи соодветно зајакнување на човечките и финансиските ресурси, на обвинителствата и на судовите. Поради недостигот на човечки кадар и непропорционалниот обем на работа со кој што се соочуваат обвинителите и судиите, може да доведе до влошување на состојбите кои ќе придонесат за механичко и шаблонско предлагање и определување на притворот. Имајќи ја предвид промената на кривичната постапка и новата активна улога на јавниот обвинител, неопходни се обуки за јавните обвинители со цел да се зголемат нивните капацитети како би можеле да даваат соодветни образложенија, аргументи и докази во поткрепа на предлозите за определување на притворот.

При изготвување на решенијата од страна на судовите, неопходно е да бидат добро структурирани, концизни и образложени, при што задолжително би биле опфатени аргументите во однос на определување на мерката притвор.

Судовите не смеат да прифаќаат предлози, односно барања за определување на мерка притвор ако тие се без соодветни докази и се темелат единствено на претпоставка и субјективни убедувања на обвинителството.

Решенијата за притвор треба да се осврнат на основите на притвор и основаноста на сомнението. Од исклучителна важност е судиите да избегнуваат апстрактни и стереотипни реченици кога го даваат образложението на решението за определување на притворот.

Основите и основаноста на сомнението мора да бидат детално образложени и конкретно дадени за секој обвинет и секоја околност поединечно, во контекст на кривичниот предмет.

Неопходна е промена во практиката на постапување на судовите во поглед на честата примена на мерката притвор кога станува збор за обезбедување на присуство на обвинети, осомничени лица.

Јавните обвинители при предлагањето и судиите при определувањето на притворот мора да бидат објективни во проценките на времетрањето на притворот, односно во оцената на периодот за кој е неопходно осомничените или обвинетото лице да биде во притвор. На овој начин би се избегнало механичкото определување и продолжување на притворот за законскиот максимум од 30 дена, но и би се поттикнало побрзо комплетирање на истрагите од страна на обвинителството.

При определување или продолжување на притворот, неопходно е судот во решението да наведе конкретни факти од кои произлегуваат основите по кои е определен, односно продолжен притворот, притоа избегнувајќи ги аргументациите кои се однесуваат исклучиво на сериозноста на кривичното дело и предвидената казна.

Поединечната процена на основите за притвор, во однос на секој поединечен член на групата кога станува збор за колективни сторители на кривични дела,е од особено значење и е неопходно да биде применувана без исклучок од страна на судовите.

Индивидуализирање на секој предлог за притвор на начин што судот ќе оддаде слика дека неговото продолжување не е механичко, на начин што ќе ја запази само законска форма, туку решението мора да биде суштинско и јасно образложено.

Потребно е зајакнувањето на карактертерот на кривичната постапка и напуштање на партнерскиот однос во работењето на судиите и обвинителите и имањето голема доверба на тврдењата на обвинителите. Во случај на отсуство на доволен број аргументи и докази за определување на мерката притвор, претпоставката на судот секогаш треба да биде во корист на слободата на обвинетото или осомниченото лице.

Треба да се зголеми интензитетот и бројот на обуките за судии и јавни обвинители во врска со практиката на Европскиот суд за човекови права во поглед на определувањето на мерката притвор, како и обуки во поглед на зајакнување на личните капацитети во врска со образлагањето и аргументирањето на предлозите и решенијата за определување на притворот.[37]

Постојат големи варијации на податоците кои се однесуваат на примената на притворот кога тие се добиени од страна на различни институции, па поради тоа е неопходно итно унапредување на методологијата за прибирање и обработка на податоците.

Дополнително, треба да се направат напори за унапредување на квантитетот и квалитетот на податоците, подобрување на нивната точност и прецизност со цел да можат соодветно да се детектираат вистинските трендови во практиката. Единствено на овој начин можат да се креираат политики поткрепени на екстензивни истражувања и докази кои би биле ефикасни во практика и одржливи на долг рок.

[37] Feature activities analysis: The measure of detention in the domestic and the european practice/мерката притвор омеѓу домашната и европската пракса,издавач: коалиција на здруженија на граѓани сите за правично судење – Скопје

Се забележува отсуство на ангажман на сите институции кои имаат надлежност и можност да ги унапредат состојбите со судството, особено во поглед на примената на мерката притвор и останатите полесни мерки за обезбедување на присуство и непречен тек на кривичната постапка.

Така, Судскиот совет и Врховниот суд не прибираат податоци за вкупната примена на мерката притвор на територијата на цела држава, додека пак ниту една институција не прибира податоци за социјалниот, семејниот и личниот статус на притворените лица, кои играат голема улога во решенијата за определување на притворот, но воедно имаат и поинаков ефект врз притворените лица. Поради тоа, неопходно е да се направат напори за подигнување на свеста на надлежните институции во поглед на примената на мерката притвор и алтернативните мерки за обезбедување на непречен тек на кривичната постапка, со цел постојано унапредување на практикувањето на правото на слобода, а во насока на практиката воспоставена од ЕСЧП, како и заложбите на Европската унија за реформи во судските системи низ цела Европа.

Се забележува константна тенденција на зголемена примена на мерката притвор на територијата на цела држава, согласно податоците на Јавното обвинителство, а намалување на примената на останатите полесни мерки, што неминовно укажува на потребата од унапредување на реформите во поглед на примената на полесни мерки за обезбедување.

Иако мерката притвор е изречена во релативно мал број од сите поведени кривични постапки, сепак, поради недоволната искористеност на полесните мерки за обезбедување на непречен тек на кривичната постапка, постои простор за дополнително намалување на примената на притворот.

Траењето на притворот тешко се одредува, особено во ситуација кога не постојат доволен број податоци, а расположливите податоци се прибираат по различни методологии, кои не само што даваат неусогласени податоци, туку и не ја претставуваат вистинската слика за состојбите во практика, поради што е тешко да се направи стратегија за подобрување на состојбите.

Сепак, од расположливите податоци, добиени од увидите во правосилно завршените предмети, може да се забележи дека во голем број од случаите приворот се определува со максималното траење, односно 30 дена во редовните и 8 дена во скратените постапки.

Процентот на определените мерки притвор по кривични дела е пропорционален на застапеноста на кривичните дела, па тој најчесто се определува за имотните деликти, кривичните дела против животот и телото, како и кривичните дела од областа на организираниот криминал и нелегалната трговија, но може да се забележи исклучително ниска стапка на определување на притворот за кривичните дела од областа на корупцијата.

Она што како заедничка карактеристика на досега завршените предмети против државата, констатирано до страна на ЕСЧП во врска со правото на слобода и безбедност,е фактот дека и покрај добро уредените процедурални аспекти на ова право, неговото практичното спроведување покажува бројни слабости, особено во делот на разбирањето на гаранциите од страна на националните судови.

Меѓутоа, по делот на конкретната примена на приворот, односно неговото ограничување, при анализирање на решенијата на правосилно завршените предмети, воочени се следните недоследности, а особено во поглед на образлагање на решенијата со кои се определува мерката за обезбедување на присуство на лица во постапката- притвор:

- Иако судот го обврзуваат исклучиво основите за определување мерката притвор кои се предложени од *Општинско јавно обвинителство -ОЈО*, а не и конкретно предложената мерка за обезбедување на присуство на лица, која во секој случај најчесто е мерката притвор, сепак судот во доминантен процент ја определува мерката притвор а притоа без образложување зошто со ниту една друга алтернативна мерка не би се постигнала целта.
- Судот во своите решенија ги заснова образложенијата и доказите понудени од *Јавно обвинителство - ЈО,* без притоа да се наведат или образложат соодветно и аргументациите на одбраната.

- Судот во решенијата со кои определува примена на мерката притвор не секогаш дава образложение за фактите и доказите од кои произлегува основаното сомневање за стореното кривично дело.
- Судот во решенијата многу често како образложение ги користи формулациите *„природа на стореното дело“* и *„околностите под кои е сторено делото“,* што е спротивно на практиката на ЕСЧП, која предвидува задолжителна дополнителна аргументираност и поткрепеност со докази.
- Евидентирана е честа практика на реплицирање на законските основи за определување притвор и заснованост на решенијата единствено врз тежината на делото и висината на казната, особено доколку како основа се наведува опасност од бегство. Но, по истата оваа основа, се наведува и невработеноста, безимотноста и неоформеното семејство на лицето, без притоа да се анализира причинско-последичната врска со претпоставеното бегството.
- Евидентираните основи кои судот често ги зема како релевантни за оценка дали едно лице ќе влијае врз истрагата и сведоците и дали ќе го повтори делото, се претходна осудуваност за историодни дела, непризнавање на делото и констатацијата дека не се сослушани потребните сведоци.
- Најчеста аргументација за повторување на делото за судовите е претходна осудуваност на лицата без притоа да се земе предвид дали станува збор за историодни дела или пак барем за дела од слично или исто подрачје на заштита.
- Се забележува дека судовите во голема мера како основа за определување на притвор ја земаат имотната и личната состојба на обвинетиот, па така лицата за кои најчесто е определена мерката притвор се лица кои се без имот, без семејство и се невработени.
- Притоа, судот не нуди посебни образложенија зошто во конкретниот случај токму овие околности ја зголемуваат и оправдуваат потребата за определување на притворот.

- Во предлозите на определување на мерката притвор, јавниот обвинител често само ги наведува доказите на кои се повикува по однос на основите за определување.
- Во решенијата, судот во многу мал процент дава образложение од кои причини не определил друга поблага мерка од мерката притвор, а во одреден број решенија, судот само констатира дека изрекувањето поблага мерка не би ги дала посакуваните резултати.
- Кога станува збор за кривични дела сторени од повеќе лица, судот многу често донесува колективни решенија за определување мерка притвор, иако е обврзан на индивидуализирани решенија.
- Констатирана е честа примена на аргументацијата дека станува збор за „сериозно“ кривично дело, и тоа како од ОЈО така и од страна на судот, што не би смеело да е единствен аргументи за определување на мерката притвор. Напротив, неопходни се дополнителни аргументи, а особено пак кога станува збор за продолжување на мерката имајќи предвид дека овој аргумент со текот на времето ја губи својата сила на аргумент.
- Се забележува висока примена на стереотипни реченици кои се повторуваат низ повеќе решенија за определување на притворот и апстрактни реченици кои што воопшто не се конкретизирани во соодветниот контекст на дадениот случај, што оддава впечаток на шаблонско одредување на мерката притвор.
- Во решенијата за продолжување на притворот, иако судот е должен да даде детално образложение исто како и при првично определување на мерката притвор, многу често само ги повторува веќе наведените образложенија.
- При постапување на второстепениот суд во жалбена постапка, неопходно е овој суд да ги спореди и спротивстави аргументите на ОЈО и жалбените наводи на одбраната со цел да даде детално образложение.

Доколку второстепениот суд одлучи да ја потврди одлука, треба да даде конкретна аргументација, притоа коментирајќи ги сите жалбени наводи, што во

голем дел, околу 96% од анализираните предмети, не е случај и од страна на второстепениот суд се даваат идентичните образложенија и во претходните решенија.[38]

Мерката притвор треба да наоѓа примена единствено кога е неизбежна и нужна и не треба да има својство на казна поради основаноста на сомнението дека некое лице сторило кривично дело.

[38] Бужаровска, Г. Николовска, Ц.М.,Мифтари А.,Нича Ј. (2009):„Прирачник за примена на мерката притвор“. Скопје, Здружение на судиите на Република Македонија,

III. ГЛАВА МЕРКАТА ПРИТВОР ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Мерката притвор во Република Албанија

Мерката притвор во правосудниот систем во Република Албанија првенствено е регулирана со Законот за кривична постапка.[39]

Есенцијални елементи во врска со мерките притвор во Албанскиот правосуден систем се однесуваат на превентивни мерки, притвор, времетраење на притворот, права на притворениците, процесните и жалбени постапувања, условите за притвор и почитување на меѓународни стандарди.

Целта на статичкиот пристап е да се оцени перцепцијата на притворениците за правата внатре во притворската институција која озвожува издржување на мерката и ги следи условите во некои притворски центри во Албанија. Во ова квалитативно истражување, фокусот беше ставен на разбирање и информирање на искуствата, навиките, очекувањата и перспективите на учесниците во почитувањето на правата.

Во повеќе земји во светот, притворениците го сочинуваат мнозинството од лицата кои издржуваат казна во пенолошките системи. Во Албанија, бројот на приведени е релативно поголем од оној на осудени лица (*според Извештајот на Народен правобранител од 2022 година)*. Голем е бројот на затвореници кои остануваат во затворите многу години пред постапката за отпочување на судскиот процес. Во многу случаи лицата притворени се изјаснуваат како невини само делото за кое се теретат.

Значаен сегмент во Република Албанија се затворските услови.Во сонова, условите во затворите се многу подобри отколку оние во притворот.

Во други случаи, приведените остануваат во притвор подолго од изречената казна во судскиот процес *(Sykes 1958: стр. 35*). Настанува грубо кршење на основните човекови права со што значително придонесуваат за

[39] Criminal Procedure Code (CPC) of Albania, LAW NO. 8460, dared 11.2.1999, for some amendments to the law no. 7905, dated 21.3.1995,

пренатрупаноста во затворите, проблем кој сам по себе е извор на многу злоупотреби.

Во согласност со презумпцијата на невиност, на притворените треба нормално да им се гарантира слобода, (Член *9 (3) од Меѓународниот Пактот за граѓански и политички права (ICCPR)* предвидува дека: „*Не треба да биде општо правило дека лицата кои чекаат судење ќе бидат задржани во притвор, но може да биде и ослободување, предмет на гаранции за појавување на судење, во која било друга фаза од судската постапка, и доколку се појави прилика за извршување на пресудата".*

Во толкувањето на оваа Одредба, *Комитетот за човекови права при Обединетите нации* одлучи дека притворот треба да се користи само кога тоа е законско, разумно и неопходно.

Неопходност од ова дело е дефинирано како:

- *„спречување на бегство, проследено со фактички податоци или повторување на кривичното дело"*
- *„лицето поврзано со состојби претставува јасна и сериозна закана за општеството која не може да спречи на друг начин".*

Притворските структури во Албанија не се вклопуваат најдобро со стандардите и критериуми што ги има потпишано државата. Насилството, непријателската средина и времето на притворените, се дел од проблемите во Албанската притворска инзтитуција во целина, во врска со почитувањето на правата на притвореникот.

Од институционална смисла, евидентно е дека *Министерството за правда, Народниот правобранител, Генералната дирекција на затворите,* недоволно развиваат сеопфатна реформа во притворот, со цел загарантирање на правата на притворениците.

Презумпцијата на невиност мора да биде базичен постулат за законско постапување со мерката притвор.[40]

[40] Ajdini J. Bejko. E.Detainees in Albania: their rights inside custody institutions, Sociology and Social Work Review 1/2017

- ***Историска ретропспектива***

Историскиот развој на мерките за притвор во Република Албанија доживеа значителни промени, особено како одговор на еволуирачкиот правен и политички пејзаж во земјата. Албанската држава бележи турбуентни периоди од својот развој, со повеќе специфичности.

- ***Период пред 90-тите години***

За време на комунистичката ера, Албанија имаше централизиран систем каде што мерките за притвор често се користеа како средство за политичка репресија, одржување на страв и покорност на системот и лидерството, препознатливи белези на автократските режими.

- ***Период после 90-тите години***

Со падот на комунизмот, Албанија претрпе транзиција кон демократија, која вклучуваше реформи во правосудниот систем и практиките на мерката притвор. Посткомунистички реформи: По падот на комунистичкиот режим, Албанија тргна на пат кон воспоставување нов судски систем во демократска рамка на поделба на власта. Раните години на транзиција беа обележани со напори да се создадат институции кои ќе го поддржуваат владеењето на правото и ќе ја спроведуваат правдата непристрасно.[41]

- ***Процесот на интеграција во ЕУ***

Како дел од напорите за пристапување во Европската унија, Албанија веќе неколку години е посветена на дополнителни реформи за усогласување на мерките за притвор со стандардите на ЕУ, фокусирајќи се на човековите права и владеењето на правото.

- ***Тековни случувања во Република Албанија***

Во последниве години, Албанија се соочи со предизвици поврзани со миграцијата и неминовност од потреба за остварување целосна соработка со *Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс*), за

---

[41] The Albanian justice reform in the framework of the European integration processEuro-Balkan Law and Economics Review, N.2, 2021, p.1-22 DOI: https://doi.org/10.15162/2612-6583/1317

зајакнување на граничните контроли. Соработката доведе до зголемување на притворот на мигрантите и барателите на азил, зголемена загриженост за пристапот до правна помош и условите во притворските установи.[42]

Горенаведените состојби ги одразуваат тековните напори на Албанија да ги балансира безбедносните закани и да изгради превентивен и заштитен систем на индивидуалните права во рамките на системот за притвор.

3.1. Специфики на Албанскиот правосуден систем и мерките притвор

Албанскиот правосуден систем во рамките на реформскиот процес на мерката притвор оствари значителен развој и консолидирање. Постигнати се есенцијални развојни резултати:

- ***Дефинирање на Правната рамка***

Албанскиот правосуден систем се заснова на традициите на граѓанското право и во најголема мера е под влијание на напорите да се усогласи со стандардите на Европската унија.

- ***Притвор***

Одлуките за апсење и притвор подлежат на судска ревизија, а важат и одредби за пристап до бранителот и проверка на законитоста на притворот. Лишувањето од слобода го доведува поединецот крајно ранлива положба. Затоа е важно секое лишување од слобода да биде сведено на апсолутен минимум и да се следат строгите процедури утврдени во:

1. Меѓународните документи,
2. Уставот
3. Законот за кривична постапка.

Сите вклучени актери, полицијата, обвинителот, судијата и бранителот, исто така, имаат значајна улога во подршката и почитувањето на стандардите, преземањето мерки против било која злоупотреба против поединецот, вклучувајќи

[42] https://www.globaldetentionproject.org/countries/europe/albania

ги и постапките. Во овој контекст постои простор за значително подобрување во албанскиот правосуден сисетм во целина.

Законот за кривична постапка на Албанија ги наведува процедурите за притвор, обезбедувајќи заштита на правата на обвинетите за време на предистражниот и судскиот период.

Законот за адвокати обезбедува рамка за правно застапување, обезбедувајќи притворениците да имаат пристап до бранителот

Од анализата на терното, забележани се повеќе специфичности поврзани со мерката пртвор:

- лицата лишени од слобода во повеќето случаи не се информирани за причините за нивното апсење или за нивните права;
- лицата редовно се малтретирани од полицијата;
- лицата не добиваат навремен пристап до бранител
- лицата не се изведени пред судија во рокот определен со Уставот.

Одлуките се лошо образложени и оставаат впечаток дека притворот честопати се одредува без законска основа.

Од друга страна, Адвокатите не прават напори да ги оспорат одлуките или да ги изложат на увид инцидентите на злоупотреба и законско прекршување.

Прелиминарните истраги многупати се карактеризираат со долги периоди на неактивност, целосна стагнација, систематски се игнорира единствениот механизам за помирување со тоа, предвиден со Законот за кривичната постапка. Временските периоди за притвор се прекинуваат без правна причина и на подолги периоди и често се пречекоруваат без да се дојде до ослободување на обвинетиот или оправдано натамошно процесуирање.

За да се надминат постоечките аномалии и пропусти, потребно е:

- да се ревидира законската рамка,
- да се усогласат одредбите од Законот за кривичната постапка со Уставот.
- да се ревидира и подобри Законот за кривична постапка кој треба дополнително да даде јасни инструкции на сите вклучени актери за

нивната улога и нивните обврски во однос на лишувањето од слобода.

- да се воспостават механизми за да се осигури дека сите системски неправилности ќе бидат брзо откриени и коригирани и да се обезбеди дисциплинирање на службениците кои ги злоупотребуваат процедурите или кои не преземаат мерки за исправање на грешките.

Полицијата, обвинителите, судиите и адвокатите треба да бидат обучени за основните стандарди за човекови права, за законодавната рамка и нивните улоги во справувањето со случаи кога станува збор за лице лишено од слобода.

Мерките за справување со проблемите поврзани со безбедносните мерки во кривичните случаи не треба да бидат скапи и одземаат многу време.

Целосното спроведување и почитување значи чекор понатаму на Акбанскиот нејзиниот пат кон европската интеграција и прифаќање на стандардите на правдата и владеењето на правото.

- ***Изрекување казни и судења***

Системот вклучува низа опции за изрекување казни и има одредби за скратени постапки за судења, кои се ефикасни и наменети за забрзување на случаите.[43]

- ***Малолетничка правда***

Нема ексклузивен притвор или поправни установи за малолетници. Машките малолетни престапници се затворени во посебни делови од постоечките установи за притвор, додека девојчињата адолесценти се затворени во установи за жени.

- ***Реформи***

Напорите за справување со корупцијата во правосудниот систем и за обезбедување на ефикасни судења се одвиваат во постојан процес. Албанскиот правен систем се соочува со предизвици, вклучително и чести измени на одредби од *Кривичниот законик и Законот за кривична постапка*, кои што влијаат на толкувањата на судовите.

[43] OSCE, 2006, Analysis of the criminal justice system of Albania, Report by the fair trial development project

Овие аспекти ја одразуваат посветеноста на Албанија за реформирање на нејзиниот правосуден систем за подобра заштита на индивидуалните права и почитување на меѓународните стандарди.

- ***Почитување на интегритетот на личноста***
- ***Политички затвореници и притвореници***

Нема извештаи за политички затвореници или притвореници.

Во текот на изминатиот период, немаше извештаи дека владата или нејзините специјализирани агенциии извршиле самоволни или незаконски убиства. Цивилните и воените агенции за спроведување на законот се овластени со закон да истражат дали убиствата на припадници на цивилните или воените безбедносни сили се оправдани и врз основа на сознанијата да ги гонат сите случаи на незаконски убиства.

Албанија презеде реформи за усогласување на својот систем на притвор со стандардите на ЕУ, фокусирајќи се на почитувањето на основните права и слободи2.

Реформата на институциите за казнено извршување беше значаен аспект на демократизацијата, префрлајќи го затворскиот систем од Министерството за внатрешни работи во Министерството за правда.[44]

- ***Исчезнување***

Нема извештаи за исчезнувања од или во име на владините власти.

- ***Тортура и други сурови***
- ***Нехумани или понижувачки тремани / казни***

Уставот и законот забрануваат тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Канцеларијата на Народниот правобранител, независен, уставен субјект кој служи како чувар на владата, забележа севкупно подобрување во полициската практика.

Владата направи поголеми напори за справување со неказнивоста на полицијата. За таа цел, беше формирана нова *Агенција за полициски надзор*,

[44] Суфај, F,The reformation of the pre-trial detention in albania in accordance with the EU standards 1, Albanian Journal for Legal Studies, IV th Annual Meeting, Institute Alb-Shkenca, 2009,

целосно независна од *Државната полиција на Албанија (АСП),* со мандат да ги истражува и да бара одговорност од спроведувањето на законот на сите нивоа. Спроведе независни истраги и поплаки за полициска злоупотреба и корупција, доведе до 385 индивидуални истраги, 106 апсења и 61 суспензија на службениците за спроведување на законот од должност.

- ***Услови за затвор и притвор***

Лошите физички услови во некои затвори продолжија да бидат проблем кој влијаеше на затворскиот систем.

Институтот за активизам и социјални промени (IANS) објави загриженост за идентификација, рехабилитација и реинтеграција на насилните екстремистички затвореници во затворските средини поради недостаток на стандард на практики и соодветна обука за затворскиот персонал.

- ***Навредливи физички состојби***

И покрај спроведените активности, и натаму постојат проблеми за лошите затворски услови во постарите установи. Недостатокот на медицинска нега, особено за ментално заболените лица останува проблем и натаму.

Комитетот на Советот на Европа за спречување на тортура (КТП) во својот Извештај ја повика владата да изгради нова установа за да им обезбеди на сите форензички психијатриски пациенти доделување соодветна терапевтска средина и програма за мултидисциплинарен третман.

- ***Администрација***

Властите спроведоа истраги за веродостојни наводи за малтретирање.

- ***Независен мониторинг***

Локалните и меѓународните групи за човекови права, медиумите и меѓународните тела, како што е Комитетот за спречување на тортура, објавија дека им било дозволено да ги следат затворите и притворските установи без никакви пречки. Остануваат ограничувањата за следење на затворениците запишани во специјалниот режим.

- ***Самоволно апсење или притвор***

- Обезбедување обука за судии и обвинители за постапување во случаи во кои се вклучени обвинети кои имаат проблеми со менталното здравје.

Косовскиот обвинителен совет и Косовскиот судски совет

- Во соработка со Министерството за правда, потребно е да се осигура успешна мплементација на механизми за решавање на специфичните барања на случаите кои вклучуваат обвинети со ментална болест.

*Врховниот суд на Косово*Издавање насоки за решавање на специфичните барања во случаите во кои се вклучени обвинети со потреби кои се поврзани со ментално здравје, особено во однос на притворот.[62]

4.3. Очекувања

Косово подолг временски период се соочува со пердизвици кои датираат од минатото, потреба од разумно и прагматично надминување на стереотипите и и функционирање на институциите на системот.

Билатералната агенда со Србија и уредување на меѓусебните односи има највисок прититет. Реласкирањето на односите и создавње услови за соработка со земјите во регионот е основната претспоставка за успешни реформски процеси и мултилатерлни активности.

Реформите во правосдуниот систем се неопходни вклучувајќи ја и мерката притвор. Косово со години е изоставено од агендата на процесот на интеграција во ЕУ. Сложениот однос меѓу ЕУ и Косово е резултат на постоечките состојби кои што сеуште не се надминатаи, како што се борбата против корупцијата и организираниот криминал, како предуслов за натамошна регионалана и европска интеграција.

Веќе подолг временски период Европската комисија препорачува визна либерализација за граѓаните на Косово, но сепак владите на земјите-членки на ЕУ сеуште ги усогласуваат своите ставови за воспоставување безвизниот режим..[63]

Меѓународната заедница во целост ја евиденирала негативната слика за работење на судовите и обвинителствата кое што резултира со низок економски развој, висок степен на криминал и нестабилна демократија.

Општа констатација е дека е крајно време е судството да обезбеди почитување на човековите права и подеднаков третман пред законот. Мисијата на судството е да служи за доброто на земјата, а не за политички интереси.

---

[62] Fair Trial Issues for Detained Persons with Mental Health Needs Publisher Organization for Security and Co-operation in Europe, Date 16 February 2024

[63] Balkan Insider. “European Commission Recommends Kosovo for Visa Liberalization”. July 2018. Available at: https://bit.ly/3PGKtmJ

Косово е посветено да создаде целосно функционален кривично-правен систем кој работи ефективно, ефикасно и со почитување на домашното и меѓународното право. Со помош на меѓународната заедница, Косово усвои законодавство кое што обезбедува заштита на човековите права на лицата лишени од слобода пред судење и после нејзиното донесување.

Косово е посветено да се придржува до високите и меѓународни договори и конвенции кои што се воспоставени со цел да се осигура хуман третман на лицата на кои што дека им е ограничена или обезбедена слободата, а со тоа и човечкото достоинство. Косово има цврста правна основа од која може да изгради кривично правосуден систем кој е посветен на заштита на човековите права на сите во општеството.[64]

Соработката со меѓународни експерти за да се идентификување на најдобрите практики сè уште има проблеми со имплементацијата. Се чини дека основната причина за овие проблеми во однос на имплементацијата првенствено спаѓа како недостаток на ресурси и политичка волја. Очигледно дека недостатокот на финансиски средства е грижа за секој казнено-правен систем.[65]

Косово се соочува со недостатокот на политичка волја, голема пречка за спроведување на законот и обезбедување на почитување на човековите права во воспитно-поправните институции.

Очигледно е постоење на одредено ниво на институционална корупција присутна во воспитно-поправните установи во Косово, како што е потврдено со распространетоста на шверцувањето и разните скандали поврзани со непотизмот и поткупот.

Дополнително, се чини дека постои одреден степен на апатија кај многумина во правосудниот систем кога станува збор за следење на процедурите

[64] Burns,R. To a Mouse, Poems, Chiefly in the Scottish Dialect (1 ed. 1870). Available: https://www.poetryfoundation.org/poems-and-poets/poems/detail/43816 ,

[65] The World Bank, Kosovo, Poverty headcount ratio at national poverty lines (% of population), Available: http://data.worldbank.org/country/kosovo

и обезбедување на затворениците во врска со соодветно категоризирање, сместување и обезбедување.

Различните институции кои што го сочинуваат системот на кривичната правда во Косово мора да преземат конкретни чекори за да се спречат повредите на човековите права.

Транспарентноста и отчетноста мора да имаат вистинско значење. За таа цел, казните за оние кои нема да ги исполнат очекувањата мора да бидат доволно строги за да ја принудат усогласеноста. Дополнително, мора да се спроведуваат кривични санкции за оние кои се занимаваат со корупција или злоупотреба на сила.

Неопходна е дополнителна обука на персоналот во правосудниот систем и зголемување на степенот на свесноста за одговорностите според домашното и меѓународното право. Континуираното образование треба да се стави на располагање за натамошно информирање на најдобрите практики.

Накратко, рамката постои за натамошно развивање на систем кој ги почитува човековите права во чекор со домашното и меѓународното право во Косово. Меѓународните стандарди за човекови права ја подвлекуваат мерката притвор и треба да биде исклучок наместо правило.[66]

[66] Trial monitoring report on detentio on remand. October ,2023

ЗАКЛУЧОК

Мерката притвор како дел на сетот алтернативи во правосудниот систем на секоја земја има исклучително значење, улога и влијание.

Својата огромна улога ја нанифестира во националната рамка и во однос на меѓународното право и уредување на односи.

Во центарот на фокусот е лицето врз кое е изречена мерката притвор, институционалната рамка на делување во соодветен правосуден систем, правните, социолопките и други аспекти. Кои што ја детреминираат суштината, оправданоста и целисходноста на притворот.

Според меѓународното право мерката притвор е постојан предмет на анализа во научната сфера. Иако постојат различни форми на притвор, постојат заеднички празнини и предизвици. Во реалноста постојата неколку битни елементи кои манифестираат варијабилност во формулирањето и спроведувањето на притворот

И покрај фактот што притворот се карактеризира како последна мерка, неговото формулирање и спроведување значително се разликуваат.

Некои форми на притвор се предмет на апсолутна забрана, додека други добиваат различен степен на контрола во смисла на неопходност и пропорционалност.

Нормативни и имплементирани празнини постојат и во различни области на политиката. Во основа постојат заеднички карактеристики:

- Меѓународното право се соочува со заеднички недостатоци,
- Структурна нееднаквост и дискриминација,
- Основи за притвор,
- Доказ и определување ризик, преглед на докази кои што ги поддржуваат одлуките за притвор е критичен.
- Алтернативи на притворот ја истакнуваат пристапноста, почитувањето на човековите права,

- Спречување на алтернативни режими, со внимателно избегнување на несакани последици.
- Почитување на човековите права и нивно вклучување во креирање на политиката за изрекување на мерката притвор.
- Избегнување од создавање квази-старателски алтернативи.

Меѓународните стандарди ја нагласуваат слободата и безбедноста на луѓето.

Во контекст на содржината на магистерскиот труд, вредно е да се истакнат некои битни постулати и особености во форма на заклучоци.

Со оглед на важноста на мерките притвор, основната тематска идеја во истражувачкиот пристап се базира на исниституционалната споредба помеѓу Република Северна Македонија Република Албанија и Косово, соседни земји кои имаат значајни и заеднички особености, своја историска, општествена и економска поврзаност.

Темата е исклучителна по својата суштина, истовремено современа од аспект на научно истражувачка перцепција. Нејзината соджина го акумулира посебниот осврт на феноменологијата на мерките притвор во правосудните системи и нивна споредба во Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово.

Меркате притвор во правосудниот систем се однесуваат на сите правни дејствија или постапки преземени од страна на судските органи за приведување на лица осомничени за сторени кривични дела.

Целта на мерките за притвор е осигурување на обвинетите лица за сторени кривични дела, потребата од нивна достапност за судскиот процес и спречување на понатамошни криминални активности и заштита од јавноста.

Мерките притвор по својата правна природа се регулирани со закони и соодветни постапки и процесни дејствија кои што се специфични и соодејствуваат со одредениот развој на односната земја и нејзиниот правосуден систем.

По својата физиономија магистерскиот труд е современ приказ за состојбите во областа на мерките притвор, анализиран преку социолошките, правните и меѓународните рамки со фокусирање на споредбата на притворот во

трите земји од регионот.

Содржината на трудот со сите делови е актуелна по својата суштина и претставува инспирација за анализа, истражување, очекувања и согледувања.

Споредбата на мерката притвор во Македонија, Албанија и Косово е храбар чекор и приказ за истражување, обид за спознавање на непознатото и идеја за воспоставување на идна соработка и постојана комуникација за заедничко добро.

Станува збор за три соседни земји, различни, но и блиски карактеристики, во системите, специфични исориски движења и последици, но истовремено и силна верба во иднината и почитување на човекот и неговото достоинство.

Мерките кои се однесуваат на притворот во Македонскиот правосуден систем ја одразуваат посветеност на промовирање на владеењето на правото, заштита на човековите права и поттикнување правични и ефикасни практики на кривичната правда. Континуираните напори за спроведување реформи, справување со предизвиците и унапредување на соработката меѓу засегнатите страни се од суштинско значење за обезбедување на интегритетот и легитимноста на системот за притвор во македонското општество.

Есенцијални елементи во врска со мерките притвор во Албанскиот правосуден сисетм се однесуваат на превентивни мерки, притвор, времетраење на притворот, права на притворениците, процесните и жалбени постапувања, условите за притвор и почитување на меѓународни стандарди.
Во суштина Албанскиот правосуден систем е псоевтен на почитување на стандарди за човекови права, пропорционалност и неопходност, алтернативи за притвор, остварување на правни реформи и градење на капацитетите.

Во основа, модерниот пристап кон мерките притвор во судскиот систем во Косово ја одразува посветеноста на принципите на владеење на правото, човековите права и правично судење. Иако остануваат предизвиците, Косово продолжува да работи на обезбедување во однос на мерките притвор кои што се применуваат со

цел да се почитуваат правата и достоинството на поединците, а истовремено служи на интересите на правдата и промоција на јавната безбедност.

Иако остануваат предизвиците, Косово продолжува со следење и обезбедување на мерките притвор, нивна примена и почитување на правата особено во однсо на достоинството на поединците и интересите на правдата.

Од горенаведеното, останува да веруваме во разумно и праведно размислување и делување во практикувањето со мерката притвор и почитување на универзалните принципи на заштита на човековите права и достоинство.

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Во периодот на изработката на трудот со цел да се збогати истражувачкиот опус на пристапот кон содржината, беше составен Анкетен Прашалник кој е составен дел на Магистерскиот труд.

Содржината на трудот е резултат на истражувања и анализа во однос на темата и нејзината содржина.

Анкетниот Прашалник го апсолвира мислењето и ставовите на одредени целни групи, со главен акцент на мерката притвор во Македонскиот правосуден систем. Последниот дел опфаќа осврт за перцепцијата на мерката притвор во Република Албанија и Косово.

Анкетниот прашалник е спроведен на 50 испитаници од 5 целни групи од РСМ:

- Јавна администрација (правосудство),
- Адвокати
- Студенти,
- Граѓани,
- Млади.

А: Општ дел: Демографски податоци: 50

1. Пол

- Машки: 25
- Женски: 25

Б. Мерката притвор и значењето во Македонскиот правосуден систем

2. Од каде се вашите сознанија за мерката притвор?

- Литература
- Медиуми
- Информации:
- Друго:
- Не сум слушнал/а:

3. **Дали ја разбирате суштината на функцијата и постоењето на мерката притвор во македонскиот правосуден систем ?**
    - Да
    - Не:
    - Недоволно:

4. **Дали ја познавате улогата, факторите кои што влијаат за изрекувањето на мерка притвор?**
    - Да:
    - Не:
    - Недоволно:

5. **Дали го познавате суштинското поимување на мерката притвор, институционалниот однос и оправданост ?**
    - Да:
    - Не:
    - Недоволно:

6. **Дали сметате дека мерката притвор е праведна и неопходна алтернативна мерка?**
    - Да:
    - Не:
    - Не знам:
    - Недоволно:

В. Мерката притвор во македонскиот правосуден систем и регионот?

7. **Проблеми со кои се соочува македонскиот правосуден систем**
    - Недоволно познавање и разбирање на правосудниот систем во земјата и регионот:
    - Недоволна теорија и практикување во однос на мерката притвор:
    - Влијанија на надворешни фактори:
    - Недоволна информираност и заложба за праведност и почитување на законот:
    - Недоволна комуникација и институционална соработка:
    - Недоволна заложба на државните институции и степенот на меѓусебна соработка:

8. Во која насока треба да се движи македонскиот правосуден систем?

- Зајакнување на оперативните функционални модели и капацитети на дејствување:
- Зголемување на ангажманот на јавната администрација во креирање на стратегија:
- Реално перципирање и разбирање на состојбите и предизвиците, нивно сукцесивно надминување:
- Натамошниот развој и прифаќање на добра пракса и владение на правото:
- Јакнење на професионалниот капацитет на институциите:
- Подобрување на амбиентот за разумно постапување на судовите:
- Зголемување на степенот на институционална комуникација помеѓу сите инволвирани субјекти:

Г. Мерката притвор низ времето

9. Анализа на состојбите во правосудните системи (Република Албанија и Косово)

- Отсуство на посветеност:
- Потреба од реално перцепирање и разбирање на значењето на мерката притвор:
- Внатрешна консолидација на правосудните системи:
- Неминовна соработка со високо развиените земји за подобро разбирање и практикување на мерката притвор:
- Сеопфатна и реална Стратегија со почитување на човековите права и слободи:
- Ослободување од стереотипите во однос на мерката притвор:
- Борба со негативните појави и тенденции:

10. Перцепцијата на мерката притвор во Република Албанија и Косово – потреба за промени?

- Почитување на јавното мислење:
- Создавање на реални услови за праведно расудување на судскиот систем во изрекувањето на мерката притвор:
- Силно интегрирање на научната мисла и нејзино влијание врз суштинско дефинирање на мерката притвор:
- Корегирање на постојниот систем на изрекување на мерка притвор:
- Насочување на младите професионалци во правосудниот систем на разумен однос кон мерката притвор:
- Борба со негативните појави и тенденции:

- Зајакнување на процесот на разбирање на суштината на мерката притвор и нејзините последици по индивидуата и колективот:
- Професионален и хуман однос на системот во изрекување на мерката притвор:

11. Мерката притвор во Република Албанија и Косово?

- Реално согледување на регионалниот амбиент и состојби:
- Новосоздадените држави отворија значителни потешкотии во креирање на независни павосудни системи:
- Потреба од почитување и нужност од заемна соработка и комуникација:
- Институционална и професионална соработка помеѓу државите во однос на алтернативните мерки, посебно со мерката притвор:
- Отсуство или недоволно познавање на мерката притвор во правосудните системи:
- Зајакнување на сопствените капацитети:

15. Мерката притвор и нејзината иднина како алтернативна мерка?
Дали верувате во целисходноста на мерката притвор?

- Да:
- Не:
- Не знам:

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ

А: Општ дел: Демографски податоци: 50

12. Пол

- Машки: 25
- Женски: 25




Анализата на Анкетното истражување се однесува на двата пола (мажи и жени), испитани се вкупно 50 испитаници на територијатата на РС Македонија. Истражувањето ги опфаќа старосните групи на испитаници од 18 до 63 години и постари, со различна брачна состојба. Анкетатата е спроведена во неколу градови во државата кои што припаѓаат на различни Плански региони и се карактеризираат со свои посебности.
Испитанците припаѓаат на различни категории кои што го карактеризираат работниот статус.
Македонија е држава со мултиетнички карактер и во неа во текот на истражувањето опфатени се сите етнички групи.
Сознанијата за мерката притвор и споредбата на трите правосудни се анализирани низ призма на достапност од различни извори.

Б. Мерката притвор и значењето во Македонскиот правосуден систем

13. Од каде се вашите сознанија за мерката притвор?

- Литература: 6
- Медиуми: 6
- Информации: 26
- Друго: 6
- Не сум слушнал/а: 6



Мерката притвор и значењето во Македонскиот правосуден систем е исклучително важен правен механизам. Сознанијата за мерката притвор испитаниците ја црпат од различни извори, 26 испитаници од добиени информации, 6 од литературата, 6 од медиумите , 6 воопшто не слушнале а 6 испитаници добиле сознанија од други извори. Најголем дел од испитаниците сознанијата за мерката притвор ја добиваат врз основа на добиени информации. Сознанијата за мерката притвор испитаниците во најголем дел испитаниците ги добиваат од разлини инфрмативни извори.

14. Дали ја разбирате суштината на функцијата и постоењето на мерката притвор во македонскиот правосуден систем ?

- Да 16
- Не: 2
- Недоволно:32



На прашањето - Дали ја разбирате суштината на функцијата и постоењето на мерката притвор во македонскиот правосуден систем ,16 испитаници одговориле дека ја разбираат, 2 испитаници не ја разбираат а дури 32 испитаници недоволно ја разбираат мерката притвор. Може да се извлече заклучок дека поголем број од испитаниците недоволно ја разбирааат суштината на функцијата и постоењето на мерката притвор во македонскиот правосуден систем .

15. Дали ја познавате улогата, факторите кои влијаат за изрекувањето на мерка притвор?

- Да: 16
- Не: 2
- Недоволно: 32



На прашањето - Дали ја познавате улогата, факторите кои влијаат за изрекувањето на мерка притвор, одговорите се идентични со претходното прашање. 16 испитаници одговориле дека не ја познаваат улогата и факторите кои влијаат за нејзиното изрекување, 2 испитаници одговориле со не, а дури 32 испитаници се изјасниле дека недоволно ја познаваат улогата и факторите кои влијаат за нејзиното изрекување. Врз основа на одговорите, јасно се извлекува заклучок дека поголем број од испитаниците недоволно ја познаваат мерката притвор, нејзината улога и факторите за изрекување.

16. Дали го познавате суштинското поимување на мерката притвор, институционалниот однос и оправданост ?

- Да: 16
- Не: 2
- Недоволно: 32



На прашањето - Дали го познавате суштинското поимување на мерката притвор, институционалниот однос и оправданост, одговорот е идентичен со одговорот на претходното прашање. 16 испитаници одгвориле со да, 2 испитаници не знаат за поимувањето, институционалниот однос и оправданост на мерката притвор а 32 испитаници имаат недоволно познавање.

17. Дали сметате дека мерката притвор е праведна и неопходна алтернативна мерка?

- Да: 6
- Не: 4
- Не знам: 8
- Недоволно: 32



На прашањето- Дали сметате дека мерката притвор е праведна и неопходна алтернативна мерка, 6 испитаници одговориле дека е паведна и неопходна мерка, 4 испитаници одговриле дека не сметаат така, 8 од нив не знаат, а дури 32 сметаат дека мерката притвор е недоволно праведна и неопходна алтернативна мерка. Повторно поголем број испитаници изразуваат за недоволноста од праведноста на мерката притвор.

В. Мерката притвор во македонскиот правосуден систем и регионот?

18. Проблеми со кои се соочува македонскиот правосуден систем

- Недоволно познавање и разбирање на правосудниот систем во земјата и регионот: 49
- Недоволна теорија и практикување во однос на мерката притвор: 24
- Влијанија на надворешни фактори: 1
- Недоволна информираност и заложба за праведност и почитување на законот: 7
- Недоволна комуникација и институционална соработка: 20
- Недоволна заложба на државните институции и степенот на меѓусебна соработка: 49



На прашањето за Мерката притвор и проблеми со кои се соочува македонскиот правосуден систем, одговорите се различни. Од вкупно 150 одгвоори, 49 испитаници изразуваат недоволно познавање и разбирање на правосудниот систем во земјата и регионот, 24 сметаат дека постои недоволна теорија и практикување во однос на мерката притвор, 1 има став дека постојат влијанија на надворешни фактори, 7 имаат недоволна информираност и заложба за праведност и почитување на законот, 20 изразувааат недоволна комуникација и институционална соработка, а дури 49 одоговариле дека постои недоволна заложба на државните институции и степенот на меѓусебна соработка.

19. Во која насока треба да се движи македонскиот правосуден систем?

- Зајакнување на оперативните функционални модели и капацитети на дејствување: 50
- Зголемување на ангажманот на јавната администрација во креирање на стратегија: 10
- Реално перципирање и разбирање на состојбите и предизвиците, нивно сукцесивно надминување: 12
- Натамошниот развој и прифаќање на добра пракса и владение на правото: 6
- Јакнење на професионалниот капацитет на институциите: 9
- Подобрување на амбиентот за разумно постапување на судовите: 27
- Зголемување на степенот на институционална комуникација помеѓу сите инволвирани субјекти: 36




На прашањето - Во која насока треба да се движи македонскиот правосуден систем, одоворите се следни: 50 испитаници подржуваат зајакнување на оперативните функционални модели и капацитети на дејствување, 10 го потенцираат зголемувањето на ангажманот на јавната администрација во креирање на стратегиј, 12 се изјаснуваат за реално перципирање и разбирање на состојбите и предизвиците, нивно сукцесивно надминување, 6 го потенцираат натамошниот развој и прифаќање на добра пракса и владение на правото, 9 подржуваат јакнење на професионалниот капацитет на институциите, 27 изразуваат мислење за потребата од подобрување на амбиентот за разумно постапување на судовите а 36 го потенцираат зголемувањето на степенот на институционална комуникација помеѓу сите инволвирани субјекти.

Г. Мерката притвор низ времето

20. Анализа на состојбите во правосудните системи (Република Албанија и Косово)


- Отсуство на посветеност: 1
- Потреба од реално перцепирање и разбирање на значењето на мерката притвор: 32
- Внатрешна консолидација на правосудните системи: 10
- Неминовна соработка со високо развиените земји за подобро разбирање и практикување на мерката притвор: 7
- Сеопфатна и реална Стратегија со почитување на човековите права и слободи: 5
- Ослободување од стереотипите во однос на мерката притвор: 50
- Борба со негативните појави и тенденции: 45



На прашањето за Анализа на состојбите во правосудните системи (Република Албанија и Косово), 1 испитаник изразува отсуство на посветеност, 32 ја потенцираат потребата од реално перцепирање и разбирање на значењето на мерката притвор, 10 гледаат неопходот од внатрешна консолидација на правосудните системи, 7 заговараат неминовна соработка со високо развиените земји за подобро разбирање и практикување на мерката притвор, 5 потенцираат промоција на Сеопфатна и реална Стратегија со почитување на човековите права и слободи, 50 јасно и недвослиснео изразуваат став дека треба ослободување од стереотипите во однос на мерката притвор а истотака , голем број вкупно 45 разбираат дека правосудните системи на земјите во случајот треба да се борат со негативните појави и тенденции.

21. Перцепцијата на мерката притвор во Република Албанија и Косово – потреба за промени?

- Почитување на јавното мислење: 5
- Создавање на реални услови за праведно расудување на судскиот систем во изрекувањето на мерката притвор: 26
- Силно интегрирање на научната мисла и нејзино влијание врз суштинско дефинирање на мерката притвор: 3
- Корегирање на постојниот систем на изрекување на мерка притвор: 20
- Насочување на младите професионалци во правосудниот систем на разумен однос кон мерката притвор: 2
- Борба со негативните појави и тенденции: 26
- Зајакнување на процесот на разбирање на суштината на мерката притвор и нејзините последици по индивидуата и колективот: 26
- Професионален и хуман однос на системот во изрекување на мерката притвор: 42




На прашањето за Перцепцијата на мерката притвор во Република Албанија и Косово – потребата за промени, одговорите се различни. 5 испитаници го подржуваат јавното мислење, 26 посакуваат создавање на реални услови за праведно расудување на судскиот систем во изрекувањето на мерката притвор, 3 бараат силно интегрирање на научната мисла и нејзино влијание врз суштинско дефинирање на мерката притвор, 20 се за корегирање на постојниот систем на изрекување на мерка притвор, 2 потенцираат потреба од насочување на младите професионалци во правосудниот систем на разумен однос кон мерката притвор, 26 подржуваат борба со негативните појави и тенденции, 26 прифаќаат зајакнување на процесот на разбирање на суштината на мерката притвор и

нејзините последици по индивидуата и колективот и најголем број 43 од испитаниците бараат професионален и хуман однос на системот во изрекување на мерката притвор.

22. Мерката притвор во Република Албанија и Косово?

- Реално согледување на регионалниот амбиент и состојби: 13
- Новосоздадените држави отворија значителни потешкотии во креирање на независни павосудни системи: 47
- Потреба од почитување и нужност од заемна соработка и комуникација: 12
- Институционална и професионална соработка помеѓу државите во однос на алтернативните мерки, посебно со мерката притвор: 1
- Отсуство или недоволно познавање на мерката притвор во правосудните системи: 41
- Зајакнување на сопствените капацитети: 36



На прашањето- Мерката притвор во Република Албанија и Косово, испитаниците одговриле различно. 13 од нив гледаат реално согледување на регионалниот амбиент и состојби, 47 го изразуваат милсењето дека новосоздадените држави отворија значителни

потешкотии во креирање на независни павосудни системи, 12 потврдуваат потреба од почитување и нужност од заемна соработка и комуникација, 1 посочува институционална и професионална соработка помеѓу државите во однос на алтернативните мерки, посебно со мерката притвор, 41 јасно одговарааат дека има отсуство или недоволно познавање на мерката притвор во правосудните системи на Албанија и Косово, а 36 имаат став дека треба да се зајакнуваааат сопствените капацитети на односните земји.

23. Дали верувате во целисходноста на мерката притвор?

- Да: 30
- Не: 3
- Не знам: 17

Забелешка: Дозволени се 3 одговори



На прашањето - Дали верувате во целисходноста на мерката притвор, 30 испитаници одговориле дека веруваат, 3 изрично не веруваат а 17 испитаници не знаат.
Одговорите укажуват дека и покрај комплексноста на мерката притвор, познавање, значење, суштина, сепак најголем дел сеуште веруваат во нејзината целисходност.

Користена литература

1. Albania 2022 Human rights report executive summary, Country Reports on Human Rights Practices for 2022, United States Department of State, Bureau of Democracy, Human Rights and Labor Others v. France, No. 11593/12, § 124 . 12 July 2016,
2. Analysis of the criminal justice system of Albania, Report by the fair trial development project, OSCE 2016,
3. Article 8(4) of the Reception conditions directive (recast),
4. A.B. and Others v. France, No. 11593/12, 12 July 2016, § 124,
5. Ajdini J. Bejko. E.Detainees in Albania: their rights inside custody institutions, Sociology and Social Work Review 1/2017
6. Bachelet, M, UN High commissioner for human rights: 'Urgent action needed to prevent Covid-19 " rampaging through places of detention"', Geneva, 25 march 2020,
7. Balkan Insider. "European Commission Recommends Kosovo for Visa Liberalization". July 2018. Available at: https://bit.ly/3PGKtmJ (3, April 2024)
8. Burns, R. To a Mouse, Poems, Chiefly in the Scottish Dialect (1 ed. 1870). Available:https://www.poetryfoundation.org/poems-and-poets/poems/detail/43816,
9. Бужаровска Г. Андреевска С., Тумановски А. (2010): Примена на мерката притвор според Законот за кривична постапка од 2010 година. Скопје,
10. Бужаровска, Г., Николовска, Ц. Мифтари А.,Нича Ј. (2009):„Прирачник за примена на мерката притвор". Скопје, Здружение на судиите на Република Македонија
11. Current issues and good practices in prison management – Thematic report of the Special Rapporteur on Torture.,ISSUED BY Special Rapporteur on torture, 27 November 2023,https://www.ohchr.org/en/calls-for-input/2023
12. Criminal Procedure Code (CPC) of Albania, LAW NO. 8460, DATED 11.2.1999, for some amendments to the law no. 7905, dated 21.3.1995,
13. Country Reports on Human Rights Practices: Albania, Bureau of democracy, human rights, and labor, 2021
14. Country Reports on Human Rights Practices: Albania,2022
15. Conventions against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, art. 11, opened for signature, ratification, and accession by General Assembly resolution 39/46 of 10 December 1984, 1465 U.N.T.S. 85. Available: https://treaties.un.org/doc/Publication/UNTS/Volume-1,
16. Constitution of the Republic of Kosovo, June, 2008
17. Criminal procedure code, Official Gazette of the Republic of Kosova / No. 37 / 28 December 2012,
18. Constitution of the Republic of Kosovo, June, 2008,
19. Council of Europe, Mission in Kosovo (UNMIK) on the visit to Kosovo* carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or

Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 6 to 16 October 2020, CPT/Inf (2021) 23,
20. Detention and Alternatives to detention in international protection and return procedures Common Template for EMN Study 2020, Final Version, 4 January 2020, EMN Focussed Study 2020, Detention and alternatives to detention in international protection and return procedures,
21. De Hert, P. Korenica, F. Relationship with the European Convention on Human Rights: Constitutionalization, "Without" Ratification in Post-Conflict Societies, Heidelberg Journal of International Law (HJIL),2016,
22. Department of Human Rights and Communities Legal System Monitoring Section, The use of detention in criminal proceedings in Kosovo: comprehensive review and analysis of residual concerns, 2009,
23. Dogjani, A, Types of security measures in Albania, European Journal of Economics, Law and Social Sciences, IIPCCL Publishing, Graz-Austria, Vol. 1 No. 1, ISSN 2519-1284. Access online at www.iipccl.org, January 2017,
24. EMN Glossary,
25. EFRJ_Thematic_Brief_RJ_and_Alternatives_to_Detention.pdf,
26. European Judical Network, https://www.ejn- crimjust.europa.eu/ejn2021 /ContentDetail/EN/5/36,
27. European forum for restorative justice, Connecting people to restore just relations,Tim Chapman and Laura Hein, European Forum for Restorative Justice, KU Leuven - Belgium,https://www.euforumrj.org/sites/default/files/2020
28. European Commission, "Key findings of the 2021 Report on Kosovo", Brussels, 2021.
29. Feature activities analysis: The measure of detention in the domestic and the european practice/мерката притвор омеѓу домашната и европската пракса,издавач: коалиција на здруженија на граѓани сите за правично судење – Скопје
30. Fair Trial Issues for Detained Persons with Mental Health Needs Publisher Organization for Security and Co-operation in Europe, Date 16 February 2024
31. International standards on detention, OHCHR and detention,https://www.ohchr.org/en/detention/international-standards-detention
32. International human rights law provides a clear and universal framework relating to detention, enshrined by the following standards: Universal Declaration of Human Rights, International Covenant on Civil and Political Rights (ICCPR), Human Rights Committee General Comment 35, Article 9 (Liberty and Security of Person), Body of principles for the protection of all persons under any form of detention or imprisonment, Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners ("Nelson Mandela Rules"), United Nations Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders ("Bangkok Rules"), United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice ("Beijing Rules"), United Nations Rules for the Protection of Juveniles Deprived of their Liberty,
33. International standards on detention, OHCHR and detention,

https://www.ohchr.org/en/detention/international-standards-detention, 25 April, 2023,
34. Immigration detention is harmful to health -Alternatives to detention should be used, May 2022, https://www.who.int/europe/news/item/04-05-2022,
35. Izeti, M. Euroepan Jurnal of research and social science, Adjustment of regulations in the Republic of Northern Macedonia with EU regulations with special review on immigration and asylum rights, vol. 8 no. 2, 2020, ISSN 2056-5429,
36. Iseni. F. Judiciary Challenge of Republic of North Macedonia Towards EU Integration, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 2021,
37. Извештајот за човекови права за Албанија од 2023 година,
38. Институтот за активизам и социјални промени (IANS),
39. International Covenant on Civil and Political Rights, art. 10, opened for signature December 19, 1966, 999 U.N.T.S. 171. Available:
40. ttps://treaties.un.org/doc/publication/unts/volume%20999/volume-999-i-14668-nglish.pdf
41. International Covention on Civil and Political Rights, Article 5(1), ECHR; Article 13(1) of the Civil Code. Article 29 of the Constitution,
42. Key findings of the 2020 Report on Kosovo, Brussels, 6 October 2020,
43. Костова-Коцева С. Практична примена на мерката притвор во Република Македонија, Универзитет Гоце Делчев, Штип, УДК: 343.126.1,
44. Kosovo's anti-corruption efforts inadequate, BIRN report says, May 2019,
45. Кривичен законик, "Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/03 , 19/04 и Одлука на Уставен суд: Сл. весник 48/01, 2019,
46. Lawrence Hill-Cawthorne, Detention in the context of counterterrorism and armed conflict: Continuities and new challenges, 2021,
47. Lawrence Hill-Cawthorne, Detention in the context of counterterrorism and armed conflict: Continuities and new challenges, 2021,
48. Lattimore, P, K. Spohn,C. and DeMichele. M. A better path forward for criminal justice: Reimagining pretrial and sentencing, April 2021,
49. Мујоска Трпевска, Е. Лазетиќ, M.Researchgate, Затвори во Република Северна Македонија, .декември 2021 година,
50. NDI, North Macedonia. Citizens concerned with crime, corruption and economy, 2021,
51. Oxford Academic, Constitutional Guarantees of Liberty: A Check on Arbitrary Power of the State, March 2012, https://academic.oup.com/book/10429
52. OHCHR and detentionhttps://www.ohchr.org/en/detention,
53. OSCE, 2006, Analysis of the criminal justice system of Albania, Report by the fair trial development project,
54. Policy Analysis 03/2022, A Review of the Current State of the Justice Sector in Kosovo: Are we up for progress or will the old saga continue? Author: Rreze Hoxha Zhuja* May 2022, No. 03/2022,
55. Резолуцијата 24/12 се однесува на документ усвоен од Советот за човекови права. Тој беше наречен „Човекови права во спроведувањето на правдата,

вклучително и малолетничката правда“ и беше усвоен на 24-та седница на Советот за човекови права. Оваа резолуција се занимава со различни аспекти на човековите права во рамките на судскиот систем, со посебен акцент на малолетниците. Ја нагласува важноста од третирање на сите поединци во правосудниот систем со почитување на нивното вродено достоинство и права, во согласност со меѓународните стандарди и норми.,
56. Stratelessness index, Republic of North Macedonia, October 2020, Page 2,
57. Северна Македонија, Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, СООПШТЕНИЕ: Презентирана Националната стратегија за развој на казнено-поправниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025),
58. Sufaj, F, THe reformation of the pre-trial detention in albania in accordance with the EU standards , Albanian journal for legal studies, IV th Annual meeting, Institute alb-shkenca, 2009, The reformation of the pre-trial detention in Albania in accordance with the EU standards,
59. These rights include: the right to family life (Article 2 ECHR; Article 9 CFREU; Article 12(2) 1951 Refugee Convention), the right to privacy (Article 8 ECHR), prohibition of torture (Article 3 ECHR) the prohibition on inhuman or degrading treatment (Article 3 ECHR
60. The government's preventative detention legislation, explained. Does the punishment fit the crimes? 11 December 2023,https://www.sydney.edu.au/news-opinion/news/2023/12/11,
61. The use of detention and alternatives to detention in the context of immigration policies, EMN 2014.The principles of non-arbitrariness and legality are laid down in the following international law instruments: Art. 9 Universal Declaration of Human Rights (1948), Art. 9 (1) International Covenant on Civil and Political Rights (1966), Art 16(4) International Convention on the Protection of the Rights of All Migrant Workers and Members of Their Families, (1990), Council of Europe (PACE), Resolution 1707(2010), 10 Guiding Principles,
62. The people’s network, https://bnnbreaking.com/,
63. The Albanian justice reform in the framework of the European integration processEuro-Balkan Law and Economics Review, N.2, 2021, p.1-22 DOI: https://doi.org/10.15162/2612-6583/1317,
64. The World Bank, Kosovo, Poverty headcount ratio at national poverty lines (% of population), Available: http://data.worldbank.org/country/kosovo,
65. Trial monitoring report on detention on remand. October 2023,
66. Unifying-the-court-practice-in-Macedonia-possibilities-vs.-challenges.ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА, possibilities v..v challenges ,Center for Legal Research and Analysis, 2015,
67. Zhagar.B. European Policy Institute, Skopje, December, 2022, The independence of the judiciary in north macedonia: Where are we and where are we heading?
68. https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network.
69. https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights,https://www.globaldetentionproject.org/countries/europe/albania

Листа на кратенки

- Законот за кривична постапка (ЗКП) на Косово
- Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)
- Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП)
- Конвенцијата на Обединетите нации против тортура (UNCAT)
- Организација за безбедност и соработка (ОБСЕ)
- Специјалното обвинителство на Република Косово (СПРК)
- Acquis Communautaire на ЕУ (сетот на правни правила и прописи)
- Институтот за активизам и социјални промени (IANS)
- Универзалната декларација за човекови права
- Општинско јавно обвинителство (OJO)
- Јавно обвинителство (JO)